# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 април 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со расправа по Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ѓорѓи Спасов, Ванчо Стаменков, Сашко Кедев, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски и Љубе Бошковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на денешнава седница.

Продолжуваме со расправа по Предлогот за донесување на закон за народниот правобранител.

Има збор господинот Иван Атанасовски.

ИВАН АТАНАСОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани министри,

Јас не би сакал да одземам многу време, само ќе напоменам дека пред е законот за народен правобранител. Инаку се јавувам во својство на член на Комисијата за политички систем и односи со заедниците, каде што имавме можност да го рагледуваме овој закон каде што беше присутен повереникот на Министерството за правда. Таму јас поставив една дилема, сакам сега тука и на министерот да му поставам.

Слушнавме дека законот ќе оди во три фази, така што ќе имаме можност да дадеме некои свои сугестии.

Она што мене ме инстересираше е Главата ВИ членот 47 кој се однесува на извршување на работите од надлежност на народниот правобранител, се организираат следните канцеларии како подрачни организациони единици. Дали

.-

е можно терминот подрачни да се замени со терминот регионални и дали е земена предвид регионалната поделба бидејќи сепак народниот правобранител треба да биде во функција на граѓаните. Овде гледам дека се работи само за седум градови. Некои дискутанти претходно даваа сугестии во тој правец, како е направена таа поделба. Гледам во Западниот дел на Република Македонија се опфатени три градови, а во другиот дел на Република Македонија само четири градови. Мое мислење е дека тука има простор уште за некои градови, односно уште во некои градови да се отворат вакви канцеларии. Тоа е мојата сугестија, односно дилема што ја поставив на Комисијата па еве сега ја претставувам и на самата седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг се јавува во општиот претрес?

Има због господинот Китановски Јанаќе.

ЈАНАЌЕ КИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Ме инспирираше расправата на останатите колеги по овој закон, од причини што сметав дека Владата на Република Македонија треба да ги подготвува законите и тоа да не се носат закони по брза постапка, законите да одат во две фази, така што колегите пратеници ќе го дадат својот придонес и своето мислење по однос на секој законски текст.

Во однос на овој закон не би имал многу што да кажам, бидејќи на вчерашната расправа доста се кажа. Мојата забелешка е само во делот дека народниот правобранител со овој предлог на закон има премногу права и овластувања.

Сметам дека со донесувањето на овој закон, без разлика на експертската група на Советот на Европа, бидејќи и тие имаат свои удел во донесувањето на овој закон, ние треба да се осврнеме повеќе на нашиот Устав, бидејќи Уставот ни е рамката од која произлегуваат останатите закони. Заради тоа, без разлика на институирањето на експертите од Советот на Европа, ние треба да го задржиме нашето законодавство односно да се движиме во рамките на Уставот и така да ги градиме нашите закони, односно да ги градиме сите проекти. Тоа мислам дека ќе го има предвид и Министерството за правда.

Значи, уште еднаш да потенцирам дека народниот правобранител со овој предлог на закон има преголеми ингеренции и се меша во другите надлежности.

.-

Не би се впуштал во расправа по текстот на законот, бидејќи вчера колегите кажаа доста.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Не би сакал да се повторувам со претходните дискутанти, бидејќи во извештајот од Законодавно-правната комисија содржани се главно сите оние забелешки на текстот, во смисла што сметаме дека има место уште еднаш детално да се приспита овој закон. Добро е законот што оди во три фази. Ние во Комисијата укажавме на некои недостатоци на овој закон. Во секој случај главните забелешки се веќе кажани. Но, она што сметам дека навистина предлагачот треба да има предвид за изготвување на еден закон со сите нишани, треба да се обрне внимание на член 6, бидејќи не држи да биде само дипломиран правник, а при тоа да нема положено правосуден испит. Тоа е една забелешка што овде многумина ја констатираа.

Понатаму, членовите 9 и 10 каде се предвидени условите за разрешување на народниот правобранител, мора да бидат исти како и во постапката при избор на народниот правобранител.

Конечно, уште една мала забелешка, што не би сес повторувал со колегите, ако е вградена и во извештајот на Законодавно-правната комисија, а тоа е членот 23. Мислам дека навистина треба да се предвиди во кој народниот правобранител ќе го извести подносителот на претставката дека одлучил да покрене постапка. Доколку нема рок, односно до колку не се знаат обврските во кој временски рок ќе се покрене таквата постапка, сметам дека понатамошната постапка може да се забави и да оди во друга крајност. Едноставно да стане долга.

Во поглед на овластувањата, и лично сум фрапиран од широкиот спектар на можностите кои му се нудат на народниот правобранител. Во тој правец навистина апелирам предлагачот да ги има предвид сите овие наши забелешки.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Адеми Абдилаќим.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

.-

Бидејќи надневен ред имаме точка закон за народниот правобранител, ќе кажам нешто многу важно за овој закон.

Го слушнав уводното излагање на министерот при правдањето за донесувањето на овој закон.

Сигурно донесувањето на овој закон доаѓа од обврската од Охридскиот договор и Амандманот ЏИ од Уставот.

Кој се обврските од овој закон. Имено, компетенциите и обврските за поголеми и пошироки што истовремено го прават и одговорен и многу важен орган, како личност и како институција. Народниот правобранител е независен орган бидејќи ги брани слободите и правата на човекот.

Со законот кој се предлага народниот правобранител ќе ги следи правата на сите заедници и јавните органи што е многу битно.

Овде беа кажани многу работи од законот и јас нема да се задржам многу на тоа.

Народниот правобранител можеби е единствениот официјален, службен орган кој е обврзан со закон да го следи законот, да ги следи остварувањето на правата. Тој е орган кој се обврзува да дава писмено известување на Парламентот за остварувањето на законските процедури и почитувањето на слободите и правата на човекот.

Компетенциите кои му се даваат на народниот правобранител ќе влијаат многу позитивно од поголем број. Со надлежностите што ќе има народниот правобранител на директен начин ќе влијае на развој на демократијата и да имаме правна држава. Но, она што е многу значајно, тој ќе ги следи и ќе презема мерки за пропорционалното вклучување на сите народи во државната администрација и другите органи. Со ова ќе се влијае во имплементацијата на еден многу значаен сегмент од Охридскиот договор. Со надлежностите кои му се даваат на народниот правобранител тој ќе може да влијае врз забрзувањето на законските процедури. Тоа ќе биде многу значајно, имајќи ги предвид актите, колку се одолговлекува процедурата или предметите, нивно решавање во законските процедури. Она што е од поголемо значење е дека народниот правобранител ќе може да ги посетува затворениците во затворите, без да има потреба од некоја специјална процедура. Мислам дека тоа е од многу големо значење, по однос на тоа што се случува во претходната процедура, судската процедура, како што се физичките малтретирања или пак условите во кои тие се наоѓаат во затворите, особено здравствената грижа

.-

од која тие имаат потреба. Мислам дека тоа ќе влијае за зацврстување на државата и демократијата.

Со законот, исто така се предвидува, народниот правобранител еднаш годишно да му дава извештај на Парламентот, а Парламентот треба да дебатира за неговиот извештај. Тука треба да се определи рок кога Парламентот треба да дебатира во врска со овој извештај.

Отворањето на регионалните канцеларии ќе биде од големо значење. Тоа е потребна работа. Тие канцеларии исто така треба да рапортираат еднаш годишно односно да ја информираат локалната власт.

Многу значајна новина во овој закон е и употребата на јазикот во претстапките на народниот правобранител.

Од досегашните дискусии се гледа дека овој предлог закон се подржува.

Донесувањето на овој закон ќе оди во три фази и мислам дека секоја грешка може да се корегира.

На крајот сакам да кажам дека ние ќе го дадеме својот придонес и ќе го подржиме овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги претставници на Владата,

Јас мислам дека е добро, во сите овие дискусии што ги слушнавме од страна на моите колеги тоа што на некој начин се подржува овој закон во оваа фаза, затоа што на крај тоа е обврска на Охридскиот договор. Но, тоа што е поважно и што е најинтересно за мене е дека дефинитивно помина фазата на експериментирање, дејствување на една институција народен правобранител.

Поддржувањето на овој закон исто така има основа и со многу други аргументи кој на еден начин не обврзуваат да подржиме еден ваков закон, затоа што од релевантни меѓународни институции се земаат извештаи дека во Република Македонија и натаму правата на човекот, на некој начин не се како што треба заштитени од страна на оваа институција. Со овој закон се прави чекор напред да имаме една независна институција што се вика народен правобранител.

.-

Од сите објаснувања кои се дадоа, освен предвидените членови во нормативниот дел, се гледа дека народниот правобранител во Република Македонија имал многу работа, имал многу предмети, имал разговори со повеќе од 5.000 граѓани, било да се телефонски или контактни. Значи, од прилика доаѓа 2.000 граѓани годишно. Најголем проблем овие години сме имале како да ги дисциплинираме институциите кои ги кршат законите бидејќи граѓанинот го крши законот, тогаш има инструменти тој да се дисциплинира. Меѓутоа, институција кога не почитува закон, тогаш проблемот е уште поголем. Така, ние како пратеници, како Парламент, бидејќи сме основачи на оваа институција, треба да направиме се што е можно оваа институција да ја поставиме во димензија, таму каде што е претседателот на државата, таму каде е претседателот на парламентот, таму каде што е претседателот на Владата и таму каде што се и судовите. Кога го велам ова, сакам и понатаму и уште повеќе, ако има можност на професионален начин да се издигнат компетенциите и ингеренциите на народниот правобранител, на некој начин да манифестира и да импонира авторитет негов, во секојдневието, за одбрана на правата на граѓаните, затоа што искуството понекогаш не има научено, кога и јас самиот како пратеник сум се јавувал кај народниот правобранител, а тој наишол на пречки од страна на некои функционер, дали од МВР или од друг орган и ја има изразено неможноста, не е во состојба да земе уште една информација, по однос на тоа да информира каде е семејството или некој близок од семејството. Значи, народниот правобранител ќе се импонира и ќе биде толку авторитативен колку што ќе биде и Парламентот, што на некој начин е и основач на таа институција.

Сега кога постои можноста да има и регионални канцеларии, се надевам дека со овој закон и со човекот кој ќе биде на чело на оваа институција, со неговата екипа, да биде тоа што навистина треба да биде. Би интервенирал и за ова народниот правобранител да има и своја зграда, со фирма или наслов кој е добро изложен и обичниот граѓанин каде и да се движи во градот да види дека постои таква институција каде може да се обрати за остварување не неговите права.

Исто така, добро е, преку овој закон која е во фаза на донесување, да се прецизира уште повеќе ангажирањето на народниот правобранител, да не се меша и да не се преплетуваат понекогаш обврските, задачите и компетенциите со синдикатите или другите институции, затоа што ние не сме свесни, од тоа што го слушаме и од газењето врз правата на работниците дека синдикатите кај нас сеуште не се тоа што треба да бидат, и често се случуваат ситуации што правобранителот се ангажира со работа која не е во негова компетенција.

Народниот правобранител, исто така треба редовно да одржува конференции со медиумите, неговата работа да биде што потранспарентна на тој начин да менифестира и притисок кон институциите.

Ова е една моја сугестија, но незнам колку е на место, но добро е да се каже, ми се чини дека е малку само еднаш годишно народниот правобранител да дава извештај за неговата работа пред Парламентот. Би рекол дека треба најмалку да биде два пати затоа што сега со овој закон му се даваат и некои компетенции кои имаат врска со претставувањето на национални заедници во администрацијата и органите на државата каде треба да го следи нивното претставување подобро, а тоа претставување најдобро ќе се направи кога народниот правобранител малку почесто ќе се јавува во Парламентот.

Значи, законот ќе го поддржиме како институција народен правобранител, неговиот авторитет да дојде до израз и во неговите следни извештаи да се надеваме дека најмалку ќе читаме за газење на правата на граѓаните во Македонија.

Ви благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието господинот Агрон Буџаку).

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Најпрвин би сакал да ја поздравам иницијативата на Владата да се донесе нов закон за народен правобранител иако во образложението е ставено дека се работи за релативно нова институција, сепак шест години практикување на овој институт кој произлегува од Уставот на Република Македонија се доволни да се оценат ефектите од појавата на народниот правобранител кој е единствена независна институција, која во името на граѓаните ги штити граѓаните од злоупотребите на државата односно на државните службеници.

Овој закон кој сега го менуваме има своја историја, но за волја на вистината треба да кажеме дека и поранешниот систем имаше една слична институција која се викаше Општествен правобранител на самоуправувањето, така што во таа смисла има некој континуитет во нашето општество, но модерното поимање на институтот Народен правобранител некаде во светот наречен Омбуцман, во други системи на

друг начин наречен, сепак во нашиот правен систем кој е воспоставен во 1997 година.

Јас сум посебно задоволен, бидејќи законот кој денеска го менуваме е мој предлог и не е случајно што пратеник во 1997 година го постави овој закон на дневен ред, бидејќи од 1991 годиа кога беше Уставот, шест години не беа доволни власта да предложи ваква институција. Тоа не беше случајно, туку тоа беше еден показател дека власта самата себе не сака да се контролира, односно да се ограничува.

Денешниот предлог е надминување на една таква цел, бидејќи со денешниот предлог велиме дека не само што се дава иницијатива за усогласување на функциите на народниот правобранител со амандманот ЏИ од Уставот на Република Македонија со што се остваруваат некои од политиките на Рамковниот договор, туку се оди чекор понапред, се подигаат ингеренциите на народниот правобранител, се зголемува неговиот капацитет и можност да делува, бидејќи да потсетам тој не може ниту да биде супстант на она што значи правен поредок, управните органи, не може да ги супституира правосудните органи, тој е само адвокат во името на граѓаните кој ги брани нивните интереси и секогаш кога се тие злоупотребени или нарушени од страна на државата односно државните службеници.

Различни системи различно го конципираат народниот правобранител и добро е што Владата се определила да не брза, да го предложи законот во три фази, со што ќе овозможи и пратениците со свои иницијативи, но и компетентната и стручната јавност исто и науката да придонесат за изградба на овој институт, бидејќи во било кој правен систем тој се гради врз основа и на потребите така да кажам на интересите кои треба, како крајна цел, народниот правобранител да ги брани и тие во различни земји се различни.

Нашиот модел кој првично беше предложен произлегува од основниот модел на Скандинавските земји и мислам дека сега со надградбата која се предлага да се зголемат ингеренциите на народниот правобранител по прашањето на целисходноста на актите кои ги носат управните органи само го зголемува капацитетот и можноста тој да биде навистина коректив и во она што значи злоупотреба од страна на државните органи.

Овде се поставија неколку конкретни прашања околу  именувањето односно изборот на народниот правобранител. Вообичаена пракса во развиените демократии е тој да се бира со квалифицирано мнозинство најчесто со конзензус, во некои системи дури е уредено него да го предлага опозицијата се со цел тој да биде израз

.-

на заедничкиот интерес, без разлика на политичката приадност на Собранието односно Парламентот.

Мислам дека ако е тоа целта да се бира со 61 глас, а да се разрешува со 2/3 од вкупниот број на пратеници, сепак е чекор напред во определувањето на овој важен институт односно на зголемвуањето на довербата и во самиот чин на изборот.

Овде имаше иницијатива дали тој треба да биде правник со правосуден испит. Мислам дека ќе погрешиме, бидејќи во светот Омбуцманот односно Народниот правобранител најчесто се бира од редот на угледни, признати, компетентни правници без разлика дали тој статус го стекнале со работа во управните органи каде што не е потребно да имате правосуден испит, без разлика дали тоа го стекнале со професорска работа, така што мислам дека и во наши услови треба да ја оставиме можноста под поимот правник да дадеме шанса на повеќе структури правници без разлика на тоа дали имаат положено правосуден испит или не.

Ние, веројатно, сме далеку од тоа да можеме да го зголемиме интересот преку конкурс тоа да го добиваме, но едно од можните решенија сепак може да биде и тоа.

Добро е што организационо се менува статуст на народниот правобранител, бидејќи еден од недостатоците на функционирањето беше недоволната достапност на народниот правобранител спрема граѓаните и потребите на грааните особено од внатрешноста, бидејќи тој беше лоциран само во Скопје, а се друго што е поврзано со правото на поднесување на жалба до народниот правобранител, мислам дека треба да остане така како што е во сегашниот закон и не треба да додаваме правото во постапка да бидат разгледувани и жалби кои се анонимно доставувани. Тие можат да бидат некаков индикатор за сопствено ангажирање на народниот правобранител, меѓутоа, мислам дека во законски текст не треба да ставаме таква одредба дека народниот правобранител треба да постапува по анонимни достави, бидејќи се друго во правна смисла подразбира процедура, подразбира да постои странка која е засегната од одредена неправилност и тн., па мислам дека конзистентно треба да останеме на решението кое сегашниот закон го дава.

Бидејќи реков дека не може да биде супстрат на правосудниот систем не треба од него да се очекува она што едно демократско општество го бара, а тоа е да има правен поредок, законите да важат на целата територија и судовите да работат и подеднакво да се почитува правото. Значи една лаичка држава. За тоа не треба да бараме правобранителот да добива над ингеренции во системот, туку треба да му го зголемиме капацитетот на негово јавно делување со што тој посредно ќе влијае на

.-

одговорноста на Владата, на администрацијата и на судовите за ефикасност во извршувањето на своите задачи предвидени со законите.

Во таа смисла мислам дека не е толку важно колку пати тој ќе дава извештај на Собранието, туку е важно колку пати тој ќе афирмира во јавноста проблеми кои граѓаните ги чувствуваат како прашања на нарушување на слободите и правата или одземени одредени права врз основа на закон.

Еве, тоа се некои напомени кои сакав да ги кажам, а се надевам дека во наредните фази ќе можеме да видиме некои од предлозите што овде ги даваа пратениците во новиот текст на законот што Министерството за правда би го предложило.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Дали некој друг бара збор?

Господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Имам реплика на мислењето на господинот Крстевски во делот каде дискутираше за потребата дали народниот правобранител треба да има положен правосуден испит или не.

Видете, со сето почитување кон сите научни, стручни работници од сферата на правото, со сето уважување и почит кон луѓето кои се занимаваат со правото и на сето она што го изнесе колегата Крстевски ако за еден стручен соработник во судот се бара полагање односно после две години стажирање да може да го полага правосудниот испит навистина е несфатливо да се предвиди рок за девет години се занимавал со правото, а притоа да нема положено правосуден испит. Правосудниот испит сметам дека е многу битна категорија како од стручен аспект така и од познавањето, а особено од надлежностите кои се предвидени конкретно во членот 25 од предложениот закон.

Од тие причини навистина сметам дека е потребно особено кога разговараме во делот на судството, на посетите кои му овозможуваат да посетува одредени судски инстанци и те како е потребно таквото стручно познавање. Тоа е само една мала корекција.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам.

Контра реплика од господинот Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам дека ќе излеземе од контекстот на функциите кои треба народниот правобранител да ги има ако под мандатот кој треба да му го дадеме и стручноста која треба да ја има треба да подразбира способности за судска функција. Значи, пак укажувам на тоа дека ширината со која тој настапува е всушност неговата компетентност и познавање на правата и заштитата на слободите на граѓаните. По мене, не е услов да има правосуден испит и кога веќе земав збор, би сакал на министерот за правда да промовирам уште една идеја, а тоа е да се размислува да се вгради посебен Омбуцман, посебен народен правобранител за заштита на правата и слободите на децата и со основна компонента заштита од семејно насилство.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за народен правобранител.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, 59 за, 1 воздржан, против нема.

Молам службите да пребројат број на присутни пратеници.

Присутни се 68 пратеници, гласале 60 од кои 59 за, 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 15 - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на презентираните видеоматеријали и други податоци од ВМРО-ДПМНЕ и на целокупните видеоматеријали и други податоци и службени документи од испрашувањето на Петрит Аме, со кои располага Министерството за внатрешни работи.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 69 пратеника од кои 67 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на презентираните видеоматеријали и други податоци од ВМРО-ДПМНЕ и на целокупните видеоматеријали и други податоци и службени документи од испрашувањето на Петрит Аме, со кои располага Министерството за внатрешни работи.

Минуваме на точка 16 - Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката, извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Денес на дневен ред имаме точка  со малку комплицирано име, но во суштина има формирање на Комисија за Европски прашања и да бидам искрен вакви слични точки сакам да бидат почесто тема на дневниот ред и тоа од две причини.

Прво, ваквата точка значи повеќе ангажман, дополнителна работа и повеќе труд на пратениците. Од друга страна предлогот е плод и беше плод на заедничка иницијатива на повеќе парламентарни партии. Но, да бидам дополнително искрен,

.-

оваа иницијатива веројатно ќе падне во сенка на колумната на еден наш колега пратеник, бидејќи ние денес треба да зборуваме за заеднички пат, за заедничка Европа, а таму читаме за ѕидови, кои одамна Европа ги сруши за етнички поделби и размена на население. Сепак, ќе се вратам на фините нешта, на образложението на предлогот за формирање на Комисија за Европски прашања. Еден познат човек рекол, обединувањето на Европа беше сон на малкумина, стана надеж на многумина, денес е нужност за сите нас. Затоа, активното вклучување во Европските интегративни процеси претставува исклучителен приоритет за РМ уште од нејзиното осамостојување од 1991 година. Полноправното членство на Унијата е трнлив пат кој мора да се изоди, доколку сакаме да зборуваме за една современа и развиена демократска држава, во која мирот, стабилноста и благосостојбата ќе бидат не само убава желба туку и реалност.

Она што досега е сторено на планот на приближување кон Европската Унија, претставува значајна основа за понатамошна работа односно реформа на севкупниот општествен систем. Спогодбата за соработка во 1996 година, како и Спогодбата за стабилизација и асоцијација од 2001 година претставуваат јасен израз на волјата на РМ, и ЕУ за продлабочување на меѓусебните односи, но и обврска повеќе за засилени напори во насока на исполнување на строгите критериуми за влез во Заедничкото Европско семејство. Нас не радува што г-динот Романо Проди токму од оваа говорница ни кажа дека Македонија е дел од Европа и ние мораме кон таму да се стремиме.

Процесот на приближување кон Унијата опфаќа цел систем на мерки и активности, кои мора да се спроведат, доколку навистина сакаме да ја постигнеме целта. Во тие рамки улогата на Собранието на РМ како законодавен дом го гледам, пред се, од аспект на поттикнување на активностите во насока на приближување на домашното со законодавството на Унијата, што е доста сложен и обемен процес, имајќи го предвид бројот на актите, кои што треба адекватно да се транспонираат во правниот систем на РМ, околу 6000. Во таа насока очекувам засилена активност на Собранието и на планот на приближување на идејата за Европската иднина до сите граѓани, со што ќе се зголеми поддршката и подготвеноста од нивна страна за целосно спроведување на неопходните реформи во земјата.

Исто така, Собранието треба и мора да иницира активности, кои би биле во насока на продлабочување на односите и соработката со соодветните институции во ЕУ и нејзините земји членки.

Потребата за формирање на Комисија за Европски прашања станува неминовност доколку се има предвид значењето на процесот и неопходноста од сеопфатна, засилена и координирана активност на сите надлежни институции во таа насока. Истовремено, формирањето на Комисијата во духот на препораката содржана за вториот извештај на ЕУ за процесот на стабилизација и асоцијација од март 2003,. каде стои: “Парламентот треба да го подобри својот капацитет за да може да процени дали предложените закони се компатибилни со меѓународните договори и законодавството на ЕУ. Делокругот на надлежностите на Комисијата би опфаќал следење на реализација на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, поттикнување на процесот на приближување на законодавството преку вметнување на тн. Европска компонента на предложените законски решенија, како и иницирање на повеќе други активности што ќе бидат во насока на продлабочувањето на соработката на Унијата и нејзините земји членки. Со одлуката за формирање на Комисија за Европска интеграција, Собранието на РМ ќе ја реафирмира својата цврста и недвосмислена поддршка за остварувањето на оваа, без сомнение исклучително значајна цел. работата на Комисиајта за европски прашања ќе претставува конкретен придонес во таа насока и ќе овозможи непречено одбивање на процесот на реформи на општествениот систем односно на исполнувањето на критериумите за стабилност, демократија и економски развој, како заедничка определба на сите граѓани на РМ.

СДСМ како еден од предлагачите изразува спремност и решеност со целосен придонес во тој процес.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Збор има госпоѓица Ристова Каролина.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитуван г-дине потпретседателе на Собранието, почитувани колеги и колешки пратеници

Јас мојата дискусија во врска со формирањето на ова ново работно тело на Собранието, Комисијата за Европски прашања, сакам да ја сконцентрирам на два аспекти.

Прво, сакам да се задржам на поширокото политичко значење на оваа комисија не само во нашиот домашен политички и законодавен контекст, туку од една европска перспектива. Покрај тоа, би сакала да се задржам и да изнесам некои

мои мислења и коментари во врска со концепираноста односно надлежноста и составот на оваа наша нова Комисиајта.

Предлагачот во своето образложение наведе дека вакви комисии имаат сите држави, кои што се кандидати за членство во ЕУ. Тука, би сакала да го нагласам фактот дека вакви комисии немаат само државите кои што се кандидати за членство во ЕУ, туку напротив, вакви комисии имаат и сите држави кои што се членки на ЕУ. Дури, сакам да го истакнам од еден историски аспект фактот дека пионер во формирањето на ваков тип на комисии претставува една држава, членка на ЕУ, тоа е Германија, која што во 1957 година Германскиот Парламент, поточно Германскиот Бундестаг, значи горниот дом на германскиот Парламент, формира комисија за Европски прашања а  со мотивација за да може Парламентот да врши контрола врз Европската политика  на федералната германска Влада. Зошто сметам дека е важно ова да биде истакнато.

Најпрво, за да ни стане на сите нас овде сосема јасно дека ова ново работно тело на Македонското Собрание нема да има улога само на накеква комисија за зачленување на РМ во ЕУ, иако,. се разбира, во прво време на нејзините активности тоа ќе биде главниот мотив, главниот фокус на нејзината работа, меѓутоа, она што треба да ни стане јасно дека ваквата комисија ќе продолжи да постои и по едно такво зачленување кон кое што ние сите се стремиме. Значи, ќе биде комисија која што ќе постои ако може така да кажам, се додека постои Македонскиот Парламент, се додека постои Македонската држава и се додека постои ЕУ, а тоа е, ако може пак така да кажам, за секогаш.

Постојат три клучни зборови кои што објаснуваат зошто ваквите работни тела имаат и парламентите на државите членки и зошто оваа нова комисија за Европски прашања не треба да ја сватиме како Комисија за зачленување во ЕУ. Тие три клучни зборови се демокртиззација, легитимизација и транспарентност на процесот на Евроинтеграцијата и градењето  на заедничкиот Европски дом.

Националните парламенти како претставнички органи на граѓаните како суверен, мора да имаат што е можно по директно влијание врз начинот, брзината, обемот и процесот на Евроинтеграцијата. Во спротивно, ќе стане збор на таканаречениот демократски дефицит со градењето на ЕУ, проблем за кој што нашироко се дебатира и меѓу политичарите, и во академските кругови и меѓу граѓаните на Европа. За таа цел, всушност се прават големи напори институционално да се надмине овој проблем, особено, најпрво, кога се склучуваше договорот за ЕУ во 1993 година, попознат како Мастершки договор, се донесе една

.-

посебна декларација 13 во која што токму се инсистсира за зголемување на улогата на националните парламенти во процесот на Евроинтеграција, а потоа и со подготвување на консолидираната верзија на овој договор, попознат како Амстердамски договор, кој влезе во сила во 1999 година, на кој му се прилучува еден правно обврзувачки протокол, наречен Протокол за национални парламенти или по популарно ПМП, со кој што се бара информирање на националните парламенти дури, ова чисто како илустрација, кога Комисијата на Европската Унија ќе подготви некои легислативни проекти и во фазата на подготовка националните парламенти да бидат информирани и да можат да реагираат. Значи, ако сакаме да градиме односи со ЕУ, кои сите ние овде се надеваме дека ќе доведат до членство во ЕУ, тогаш мораме да го обезбедиме овој облик на демократско учество на граѓанството, нормално, преку нас како нивни избраници во целиот процес на ангажирање на македонската држава и македонските институции во односите со ЕУ.

Втората работа, вториот збор кој што го спомнав е процесот на легитимизација. Ниедна македонска институција, вклучително и Македонскиот Парламент не може да биде ефикасна во своите односи со ЕУ, ниту да работи ефикасно и продуктивно на приближување до ЕУ, доколку не ја има поддршката на македонските граѓани. Функцијата на ова работно тело, меѓу другото ќе биде да го зголеми степенот на легитимизацијата на овој процес, а во функција на обезбедување на поддршка од македонското граѓанство на сите активности што државата ги презема во процесот на Евроинтеграцијата. Се разбира, не можеме да зборуваме за некаква демократичност и некаква легитимност на процесот, ако целиот процес не е транспарентен.

Една од задачите на Комисијата што експлицитно е наведена во нејзините надлежности ќе биде токму обезбедувањето на транспарентноста. Сега, почитувани колеги и колешки пратеници, би сакала само да се осврнам конкретно за тоа како е конципирана комисијата. Јас, по повод формирањето на ова работно тело на Собрнаието, лично се потрудив да видам како се поставени комисиите за Европски прашања, како во државите членки, така и во државите кандидати. Најпрво, би сакала да го искажам мојот општ впечаток дека онка како што е конципирана нашата Комисија за Европски прашања во принцип го следи тој општ модел кој што постои. Постојат разлики, постојат варијации, меѓутоа, тие секогаш се израз или последица заради разликите во политичкиот систем дали државата е федеративна или унитарна. Потоа, дали државата е држава членка или е држава кандидат, бидејќи постојат разлики во надлежностите на Комисијата. На пример, кај државите членки

има посебни надлежности во она што и предлагачот го спомна во транспозицијата на некои општи правни извори на ЕУ. Потоа, конкретно во националното законодавство, кое сеуште не може да постои како задача на државите кои што се членки и кои што вршат односно имаат подруг пристап, пристап на усогласување. Потоа, разлики кои што се резултат на историјата, на традицијата. Ако се работи за држава кандидат во која фаза во кандидатурата се наоѓа државата кандидат. Значи, сепак, основниот модел е ист,. но постојат вартијации токму од овие причини.

Во однос на конкретните надлежности, најголем дел на комисиите за Европски прашања во Европа имаат надлежности кои што можат да се окарактеризираат како консултативни, координативни и иницијативни. тоа најмногу се однесува во однос на активностите, надлежностите на самиот парламент во однос на другите работни тела, во однос на Парламентот како пленум. Значи, практично, информирање за одредени прашања, обрнување внимание на одредени активности и ангажмани. Во некои држави дури комисиите за Европски прашања, како што е примерот во Латвија вршат и едукативни програми за парламентарците. Во некои земји, особено во активноста на усогласувањето на националното законодавство со она на ЕУ, комисиите за Европски прашања се оние кои што, а тоа го предвидува одлуката за нашата комисија за Европски прашања, дава предлози и мислења до матичните комисии, кои што разгледуваат проблематика од одредена законодавна сфера, но само исклучиво од призмата на Евроинграцијата односно усогласувањето со законодавството од ЕУ.за илустраицја, во некои држави се свикуваат и заеднички седници на овој тип на комисии со другите комисии, особено со комисиите кои во нашиот систем носат име Законодасвно-правна комисија. Сето ова го нагласувам, затоа што можеби некои дилеми која ќе биде реалцијата на односот на оваа комисија со другите комисии или да не се издигне како некоја комисија над Комисиите, тоа не е случајот. Повторно ќе кажам дека надлежностите најчесто се од консултативен, координативен и инцијативен карактер и секогаш само низ призмата на Евроинтеграцијата. Значи, Комисијата за Европски прашања ќе биде оној дежурен збир на парламентарци, која што секое прашање, секој законодавен проект кој што ќе поминува низ овој парламент ќе потсетува, чекајте да го видиме ова низ призмата на Евроинтеграцијата. Тоа е нејзината основна улога.

Кога станува збор за друг тип на функции што ги има оваа комисија тука треба да се спомнат и контролната функција во однос на Владата како посебен аспект или посебен сегмент од уставно-дадената контролна функција, што ние како парламент ја имамем во однос на извршната власт и тоа во контекст на односите со ЕУ и

Евроинтеграцијата. Во таа смисла сите вакви комисии, вклучително и она што предвидува нашата одлука за нашата комисија, ја следат усогласеноста на предлозите за донесувањето на закони односно предлозите на закони со законодавството на ЕУ, а кои што доаѓаат од Владата како предлагач. За споредба, на пример во некои земји како што е Полска, Владата во секој свој законодавен предлог дури мора да даде посебна изјава, посебно образложение, со кои тоа правни извори тој закон што конкретно се предлага е усогласен, кога велам изворите тука мислам на правните извори на ЕУ и таквата изјава мора да биде придружена со законскиот предлог. Во нашата одлука таква обврска за Владата не е предвидена, меѓутоа, мислам дека сите ние имаме забележано дека Владата најчесто во своите законодавни предлози во делот на образложението наведува, како еден од аргументите што ги наведува, најчесто наведува усогласување со Европското законодавство. Мислам дека кај нас може би не треба и не е никаков хендикеп што експлицитно правно не е предвидена таква обврска на Владата, туку истата се развива како добар парламентарен обичај. Контролната функција понатаму што ја предвидува нашата одлука во однос на активностите на Владата и органите на државната управа, насочени кон членството на ЕУ, како и следењето на остварувањето на програмите и другите акти на институциите на ЕУ во Република Македонија, вклучително и програмите за финансиска помош, исто така, се типични, се разбира, сега само во контекст на државите кои што се кандидати за членство. Во таа смисла, во некои држави експлицитно правно се предвидува канењето на министри и други државни функционери од извршната власт, меѓутоа, тоа прашање кај нас е решено со деловничките одредби, така што нема потреба тоа посебно да се нагласува.

Исто така, би сакала од спореден аспект само да истакнам во однос на контролата функција дека во самите држави членки во смисла на тоа што е правниот аспект на активностите на комисијата за Европски прашања, позицијата на овие комисии се движи од консултативен карактер, како што е случајот со Ирска, Шпанија и Италија, до тоа што ставовите на Комисиите за Европски прашања да бидат задолжителни со одредени законодавни сфери. Тоа обично се однесува на првиот столб на ЕУ и тоа е случајот со Данска и Австриј, а во неои држави, како што е на пример државата кандидат Кипар, ваквите комисии за Европски прашања дури имаат и законодавна иницијатива. Значи, кај нас комисијата за Европски прашања ќе може на Владата само да им дава мислења и препораки, но се разбира, тоа од политички аспект не е ништо помалку значајно, со оглед на тоа што ние како

.-

парламент ја бираме и ја разрешуваме Владата, па оттука за секоја политичка Влада би било ризично да не ги слуша предлозите и мислењата на парламентот. Тоа е генералната логика, всушност, на овој консултативен карактер на најголемиот дел на комисиите за Европски прашања по однос на активностите на Владата во процесот на Евроинтеграцијата.

Следната функција за која што веќе зборувавме е информативната функција и тука многу слабо стоиме не само како Парламент, туку воопшто како институции на системот и мислам дека многу повеќе треба да се работи и ова ќе биде еден од главните предизвици на Комисијата за европски прашања. Конечно тука е и функцијата за меѓнародната соработка. Ваква соработка Комисијата откога ќе се конституира ќе треба да воспостави контакти како со националнте парламенти, односно ваквите комисии во националните парламенти на државите членки, така и на државите кандидати, а треба да воспостави контакти и со Косак, односно конференцијата за соработка на парламентарните комисии конференции и ова ќе биде многу значајно од две причини. Прво, размена на искуства, а второ, затоа што ова ќе биде уште еден канал кој што ќе ни овозможи нас како национален парламент во рамките на надлежностите на националните парламенти да обезбедиме лобирање на процесот на евроинтеграција на Република Македонија . Мислам дека тука веќе ние ја имаме сватено улогата на националните парламенти на државите членки како тече процесот на ратификација на Договорот за стабилизација и асоцијација и дека националните парламенти особено во одредени фази на евроинтеграција имаат клучна улога. Тука пред се би го спомнал како круна Договорот за пристапување во членство на Европската унија кој што најчесто оди на ратификација пред националните парламенти, иако некогаш се става и на референдумско изјаснување.

Сосема на крајот би сакала да набројам уште неколку работи за да се добие некаков увид во тоа како изгледаат овие комисии за да се види каде е нашата одлука и нашата Комисија за европски прашања во сето ова. Најчесто бројниот состав на ваквиот тип на комисии се движи од 13 до 42 члена. Правило е по својата бројност овие комисии да бидат кон долната отколку кон горната граница . Кон горната граница се најчесто во државите кои што се федерации како што е Австрија, Белгија, Германија, Италија, Шпанија, или пак во државите членки во кои што во составот на комисиите влегуваат и членовите на таа држава во Европарламентот, па затоа стануваат погломазни тела. Таков случај е со Белгија, Германија и Грција.

.-

Отука предвидениот број на членови за нашата Комисија за европски прашања која што ќе брои 13 члена е сосема во рамките на правилото.

Кога станува збор за политичкиот состав на овие комисии, значи, како се застапени политичките опции и групи во Парламентот во овие комисии, кај нас нема експлицитно правило, меѓутоа и во државите членки и во државите кандидати принципот е принцип на пропорцијонална застапеност на политичките групи. Некаде е тоа стрикно правно и експлицитно регулирано, некаде е тоа прашање на добар парламентарен обичај. Јас мислам дека тој принцип на пропорционална застапеност ние го имаме во некои комисии, како што е на пример Анкетната комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот. И мислам кога ќе дојде до конституирање на персоналниот состав на оваа Комисија, се надевам дека овој принцип и овде ќе биде испочитуван. Во целина земено , значи ние кога ќе ја конституираме како парламент оваа комисија, нормално е дека ќе се соочиме и со предизвици во однос на деловничките процедури и како ќе се регулираат односите со другите комисии, потоа како во законодавниот процес во процедурите на донесувањето на законите ќе се воспостави улогата на оваа комисија, нормално онаа класичната болка на парламентарната работа стручното и техничкото екипирање. Меѓутоа, сепак, треба да оставиме оваа комисија да се конституира и потоа низ својата работа во од да се видат сите недостатоци и сето она што ќе треба да се менува, да се дополнува, да станува по ефикасно, а за тоа мислам дека ќе има политичка волја. Во секој случај главното мото на оваа комисија, ако дозволите мислам дека ќе биде “пер астра пераспера адастра” низ тешкотиите до ѕвездите, а во случајот тоа ќе бидат ѕвездите на знамето на Европската унија.

АГРОН БУЏАКУ:

Процедурално има збор Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Овде се предлагачи Јани Макрадули, Роза Топузова Каревска, Хисни Шакири, Марјан Ѓорчев и Замир Дика.

Не гледам никого од нив во салата. Еден да биде присутен, бидејки имаме сериозни забелешки на текстот.

АГРОН БУЏАКУ:

.-

Повикувам барем еден од предлагачите на законот да биде присутен во салата.

Го повикувам господинот Јани Макрадули, Хисни Шакири, бидејки видовме дека беа тука. Значи, господинот Макрадули еден од предлагачите дојде, па мислам дека можеме да продолжиме.

Има збор госпоѓа Елеонора Петрова Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Господине потпретседателе, колеги пратеници, би сакала да кажам неколку збора за Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за оснвоање на постојани работни тела во Собранието на Република Македонија , односно комисија за европски прашања и особено ми е драго што предлагачи се пратеници од сите пратенички групи во Парламентот на Република Македонија , поточно координаторите на пратеничките групи на Парламентот на Република Македонија . Сметам дека формирањето на Комисијата за европски прашања во дадениот момент за Република Македонија не е само потреба, туку и должност на Собранието, имајки ги предвид искуствата кои што имаат и поранешните и сегашните земји кандидатки за членство во Европската унија. Пратениците од поранешните состави на Парламентот секако се сеќаваат дека во 1998 година беше формирана една Комисија за европски и евроатлански интеграции , но сегашните активности на Владата на Република Македонија , на Парламентот на Република Македонија и особено насоченоста на Република Македонија како држава покажуваат потреба за премина во една повисока, во една друга фаза што претпоставува основање на комисија за европски прашања. Ако Парламентот со својот сериозен однос кон пристапувањето кон ЕУ ја формира оваа комисија, таа ќе треба да работи со најголем интензитет по прашањата на приближувањето на националните програми кон европските. Со тоа ќе се зголеми улогата на Собранието во активностите што ги реализира државата кои се однесуваат на исполнувањето на обврските преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација во ЕУ.

За Република Македонија во овој момент секако е значаен позитивниот извештај кој што го дала Европската комисија, позитивниот извештај кој што го дал постмониторинг дијалогот со Советот на Европа и се разбира состојбата во Република Македонија , стабилноста на Република Македонија , потоа борбата против корупцијата, против организираниот криминал од каде што произлезе

.-

всушност и позитивнито однос и на европската комисија и на постмониторинг дијалогот на Советот на Европа. Република Македонија го имплементира Охридскиот Рамковен договор преку уставните промени и промените на законите одредени со Рамковниот договор, освен законите кои што се однесвуаат на децентрализацијата кои што бараат една подолготрајна временска рамка. Меѓутоа, со акциониот план кој што е направен во Министерството за локална самоуправа и проблемите на децентрализацијата прецизно временски можат да се детерминираат за што веќе и министерот за локална самоуправа го извести Стразбург при неговата посета.

На економски план има одредени проблеми и приоритетно е решавањето на проблемот со ОКТА пред се заради забелешката од ЕУ доставена заради непочитувањето на привремената Спогодба за толерирање на монополскито статус на рафинеријата , но со работата на Владата и тој проблем е надминат.

Исто така акцентот во Република Македонија сега би требал да се стави на решавањето на проблемите со судството, односно со правната држава, бидејки со овој проблем се соочува не само Република Македонија , туку и сите земји во транзиција и голем дел од земјите кандидати во ЕУ. Во овој момент секако е особено значајно за нас ратификација на Спогодбата со ЕУ која што е веќе точка на дневен ред во некои земји во ЕУ . За жал во некои земји исто на ЕУ процесот е заклучен. Тука би ги споменала само Финска и Луксембург, се надевам дека разговорите кои што министерката за надворешни работи ги имаше во Атина ќе придонесат кон откочување на овој процес за ратификација на Спогодбата со ЕУ. Секако дека ние со вонредни активности би можеле да се надеваме дека процесот на пристапувањето на земјите од нашето соседство ќе придонесе за влегувањето и на регионот западен балкан во сферата на интерес на ЕУ. Би сакала тука да споменам некои примери од нашето соседство кои се прилично далеку тргнати во процесот на приближување кон ЕУ, тука се на пример Бугарија и Хрватска кои што се прилично напред отидени во тој процес. Бугарија пред се заради односот на Унијата што Унијата ги имаше со одредени земји во регионот кои добија можност за пристап во ЕУ во 2006 година, иако тој процес според сегашните критериуми може и да се одолговлече и Хрватска која со својот економски развој излегува од рамките на регионот и има можност за пристап во 2007 година. Ние сега само би требало да се надоврземе на тој тренд. Затоа уште еднаш сметаме дека просто е неопходно формирањето на комисијата за европски прашања бидејки сметам дека и ние како Словенците би требало по прашањето на пристапот во ЕУ да имаме еден единствен став без оглед на која

.-
партиска припадност припаѓаме, или било каква промена на Влада да се случи. Затоа би сакала да гласам за формирање на комисија за европски прашања.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитувани колеги оваа недела некако има симболика за нас и за нашите аспирации кон Европа. Вчера Унијата се зголеми за 10, а во јуни, ако бидеме вешти, единствени и исполнителни на Самитот на Унијата во Солун може да ни се отвори и нам трајно вратата и потоа зависно од перформансите да станеме дел на европското семејство каде што по сите свои вредности припаѓаме. Затоа, е добро што со формирањето на комисијата денеска нашиот Парламент барем од формална страна станува европски. На тој начин исполнуваме , иако со задоцнување една за мене суштествена потреба , како и многу други работи во нашите стратешки определувања од 1990 година до денеска да запреме само на формата, бидејки време повеќе нема, вратата во Солун ако не ја прифатиме како отворена и почнеме да чекориме по неа, никогаш повеќе нема да ни се даде со таквите можности како што ни се нуди сега. Според тоа, јас на комисијата не гледам само како на формално исполнување, или исполнување на формата, туку на суштествен инструмент во процесот на апроксимација на нашата држава кон стандардите и вредностите на Унијата. Верувајте ми од искуството , кога преговарав во тимот за спогодбата за стабилизација и асоцијација и потоа како министер во неколкуте односно повеќето средби и извештаи, расправи што ги имавме со Унијата, нашата задача е многу поголема отколку што ви се чини. Ние сме големи само во определувањата да бидеме Европа. Меѓутоа, има стотици закони кои треба овој Парламент да ги усвои, или да ги смени, нашата држава да ги подготви Владата, екипа на вредни правници, преведувачи да ги преточат на нашиот јазик и потоа на англиски и сето тоа во тој замислен, зацртан, ќе видиме во јуни колку време , период, тие документи ќе треба да поминат низ овој законодавен дом и да станат дел од основата врз основа на која ние потоа ќе можеме да претендираме да бидеме членка на Унијата. Значи, не чека голема работа. Затоа оваа комисија мислам дека треба не да биде пропорционална , туку како што рече колешката од СДСМ да биде заедничка на сите, бидејки, ако сме во една работа согласни , бидејки во сите други не сме, за жал тоа е оваа. Определбата на секој граѓанин на Република Македонија и на секој Македонец е да

.-

станеме дел од Европа каде што припаѓаме од памтивек. Ако е така, ние нашата комисија треба да ја конципираме да биде паритетно застапена од сите присутни тука не заради парадата, туку заради одговорноста, да ги завршиме работите. Бидејки тука нема што да се расправаме за нијанси. Ние сакаме да станеме членови на еден елитен економско-политички и многу брзо безбедносен клуб и таму се станува член само ако ги прифатиш нивните правила. И тука во преговорите за тие стандарди нема дилеми, нема нијанси, има работа и таа работа треба да се исполни. Отаму мислам дека во комисијата треба да бидеме подеднакво застапени сите пратенички групи што се присутни во овој мандатен состав на Парламентот, но истовремено да биде и отворена. Затоа што и јас на неа не гледам само како на инструмент на нашето зачленвуање во ЕУ, туку како на траен облик и можеби едно од најважните работни тела на ова Собрание. и утре таа отворена комисија ние ќе ја надополниме со нашите европарламентарци, јас се надевам дека нема да бидам во пензија дотогаш и дека повеќето од вас ќе бидеме расположени во таа трка да влеземе. Меѓутоа, таа комисија треба да биде во овој момент кога ги немаме европарламентарците да биде отворена за сите оние што имаат вистински придонес да внесат некоја своја вредност, или да преземат на себе дел од одговорностите, нормално нашите се најголеми во исполнувањето на нашите обврски за зачленување во Унијата. Не е само важно ние да ги подготвиме законите, односно да ги усвоиме, Владата да ги подготви, преведувачите да ги превземат од Унијата и ние да ги преточиме во наши закони. Треба до последната единка на нашево општество кое е во фаза на длабинска трансформација и сеуште се нема трансформирано да ги убедиме во тоа дека зачленувањето во Европа е макотрпен процес во кој најмногу од се за секого носи одговорност. Ние мора да ја рашириме од овој Парламент низ транспарентноста и со тоа се согласувам со колешката Ристова, низ транспарентноста ние Европа од мислена именка треба на нашите граѓани да им ја претставиме како збир на многу комплексни компликувани правила кои поаѓаат прво од промена во свеста, па потоа до имплементација на законите , бидејки ништо нема да ни помогне и не сакам да спомнувам некои кандидати чиј што процес е успорен , ако формално ги исполниме задачите, а не го направиме пресвртот во свеста за да се имплементира тоа што ќе го направиме, бидјеки најважната задача која престои по воспоставувањето на таа европска архитектура е да направиме стопанство кое ќе го преживее своето соединување со Европската Унија и тука би сакал да направам една дигресија и да кажам зошто инсистирам на имплементацијата низ промена на свеста, почнувајки од пакувањето, од

.-

калибражата , од контролата на квалитетот, од педантноста па до заедничката политика и заедничкиот безбедносен систем, треба да биде спроведено. За Унијата од контролата на квалитетот до квалитетот на државната стратегија за заедничка колективна и посебна безбедност се еднакво рамносилни и ако едното не ти функционира, другото може да ти биде блескаво, меѓутоа не е доволно за да те примат во тој клуб. Оваа комисија е дополнително значајна заради тоа што ние влегуваме во трка најмногу со себеси, со никого друг , бидјеки во Унијата се влегува според сопствените перформанси и она што имаш да го понудиш. Отаму една , или друга држава како Хрватска на пример која почна подоцна можеби заради предностите што ги нуди ќе биде на тој процес побрзо земена во предвид, некои држави кои се подалеку од нас можеби и ќе заостанат зад нас. Но, нашата трка е со нас и тука ни е нам најголемиот хендикеп , заради тоа што ние кон Унијата приоѓаме со редица нерасчистени проблеми.

Ајде да не ги наречам кризни ситуации, но да ги наречам само ситуации кои ја исцрпуваат нашата економска и политичка енергија која ја немаме доволно, ја исцрпува политичката и економската енергија на унијата а таа се додека контрибуира во извршувањето на нашите сопствени задачи, нема да не смета за рамноправни членки кои треба да стане дел од унијата, туку ќе бидеме постојано придружени и постојано ќе бидеме корисници на нивните совети, на нивните пари и на нивната, она што најмногу ни тежи, на нивната безбедносна енергија.

Оттаму, мислам дека време за губење повеќе нема, помина еден долг период, сите знаевме дека Грција ќе биде претседавач, дека во Атина ќе има самит, дека во Солун ќе има самит, а Комисијата ја правиме во пет до дванаесет. Но за таа да биде ефикасна треба да се договориме сите да бидеме подеднакво застапени во неа, во нејзината органограма за работа треба да ги предвидеме сите чекори што ни претстојат и колку вчера да почнеме да работиме. Ова сето го кажав заради тоа што ние од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и претпоставувам другите членови на коалицијата се сметаме себеси за иницијатори на оваа комисија, сесрдно ќе ја поддржиме и ќе биде во овој парламентарен состав уште еден од чекорите кои ние ги правиме едногласно и кои заради вредноста на одговорноста која ја покажуваме низ поддршката и низ гласовите не чинат не само формално европски парламент. И кога оваа комисија ќе стане најзначајно тело на овој парламент ние на неа потоа ќе можеме да градиме и други стратешки договори кои ќе ни помогнат да ја елиминираме кризата, да ја елиминираме нестабилноста и да станеме ние

.-

придонесувачи кон колективната безбедност, а не само корисници и затоа и јас ќе гласам и колегите од пратеничката група за формирање на оваа комисија.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Господинот Чашуле рече дека во пет до дванаесет ја правиме оваа комисија а јас мислам дека во дванаесет и пет ја правиме оваа комисија. Несватливо е Парламентот 7 месеци да егзистира, а да нема такво работно тело бидејќи парламентарната димензија на соработка со Европската унија е дефинирана и во самата положба за стабилизација и асоцијација. Но што е да е, добро е, денеска што се формира и добро е што имаме консензус по тоа прашање од сите пратенички групи и уште подобро би било ако дадеме конструктивни предлози како да се дефинира статутарно работата на оваа комисија, бидејќи колку да сакаме да ја гледаме низ призмата на постоечките работни тела и да ја компарираме, сепак таа како комисија ќе иам и позначајни функции. Треба токму тоа да го направат да го забрзаат нашиот процес на интеграција во Европската унија.

Оттука, прво парламентарната димензија на она што го дефинира спогодбата е политичкиот дијалог дека ваква комисија ни е потребна, токму заради соработката со сите други парламенти, без разлика дали се работи за парламенти кандидати за членство во Европската унија, или пак се работи за парламентите на членките од Европската унија.

Второто многу важно прашање е тоа, прашањето на хармонизацијата на нашето законодавство и усогласувањето со европската регулатива. Еве гледаме во Атина се спрема и европски устав, што значи ќе се надгради правниот поредок во Европската унија. Но треба да знаеме дека тој процес ниту е лесен, ниту е еднostран, ниту може да заврши без одредени компромиси кои произлегуваат од вистинската економска социјална политичка состојба во Македонија.

Оттука, оваа комисија има многу важна улога да ги одредува токму тие маргини и она што Европа ги дава како максимум и минимум критериуми за прилагодување и приспособување на правниот и економскиот поредок на државите кои имаат аспирација да бидат членки на Европската унија.

Втората, уште поважна работа што оваа комисија која што треба формално да ја има е контролата на процесот на нашата интеграција во Европската

.-

унија, водена од страна на Владата. Владата е таа која најшироко ги има сите инструменти, затоа што ги има изградено и институционално и преку документите за нашето приближување во Европската унија, но отчетноста и приближувањето мора да оди преку Парламентот.

Оттука, контролната функција која оваа комисија ќе треба да ја има над работата над Владата во делот на Секторот за Европска интеграција е клучен, тоа што се кажува зборот контрола не значи дека не е во функција на соработка со Владата, туку е еден дополнителен инструмент кој позитивно може да влијае на забрзувањето на процесот на интеграцијата. Ова нема да има формален карактер, ако и самиот Парламент внатре во својата структура, стручна, организациона не неправи нешто повеќе. Овој процес пратениците да можат да го следат, подразбира да се добро информирани, извинете морам да кажам и мораме да бидеме и едуцирани по прашањето на европската интеграција. Таа материја не е така лесно совладлива и неопходно е Парламентот од внатре да се организира, секој од нас да има можност да биде во контакт со европската правна материја, а уште повеќе да биде во позиција да појде некаде да види како функционира, да има можност за контакти со парламентите од другите држави и на тој начин да ја подигне сопствената свест и политичко влијание и во парламентарните групи и воопшто за да се прифати овој процес, бидејќи се работи за процес, за акти кои можат дака да речам само за одреден период да не донесат во ЕУ.

Добро е што комисијата денеска ќе се формира и добро е таа веднаш да почне со работа.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Господине потпретседател Ви благодарам, почитувани колеги пратеници,

Ја поздравувам иницијативата за основање на Комисија за европски прашања. Тоа е уште еден доказ за нашата силна желба дека сме спремни и ќе работиме за интеграција во Европската унија.

Јас нема во мојата дискусија да се осврнам на значењето и огромната улога на Комисијата за европски прашања во претстојниот период, но мојата дискусија

.-

сакам да ја насочам во една друга насока, при што ќе ги искажам забелешките на Законодавно правната комисија, а исто така и моите лични забелешки.

Законодавно правната комисија ја разгледа оваа одлука на една од своите седници и констатира дека има потреба од донесување на една ваква одлука и дека има уставен основ за донесување на таква одлука.

Ако подобро ја разгледаме содржината на одлуката, покрај основа на нова комисија, во точка два се зголемува и надлежноста на Законодавно правната комисија со уште една надлежност, а тоа е да ја цени усогласеноста на законите со законодавството на Европа.

Јас сметам дека моментално оваа надлежност е спротивна на Деловникот на Собранието на членот 145 каде што јасен е кажано дека Законодавно правната комисија ги разгледува законите од аспект на потребата за нивно донесување и усогласеноста со Уставот и со правниот поредок.

Меѓутоа, сакам да го кажам ова: Законодавно правната комисија спремна е да ја прифати оваа надлежност, имаме високо стручна служба, која што може да одговори на овие прашања меѓутоа, сметаме дека оваа работа е доста обемна и голема, дека не сме ниту технички, ниту со персонал спремни како Законодавно правна комисија за да успешно, ова е моја забелешка, а и на Комисијата беше истакнато за да Законодавно правната комисија успешно ја обавува својата работа и сега со оваа проширена надлежност, сметам дека во секое време на Законодавно правната комисија и на стручната служба треба да и бидат достапни целосни информации за решенијата кои што ги содржи европското законодавство.

Исто така, сметаме дека при донесувањето на законите и поднесувањето до Собранието од страна на Владата во образложението Владата секогаш се повикува на одредбите на законите од Европската унија, со која се усогласуваат законите на Република Македонија и истовремено да ги содржи и изводите и образложението на овие закони.

И на крајот, повторно ќе кажам дека ја поздравувам иницијативата за формирање на оваа комисија, но сепак Законодавно правната комисија да обавува и со успех да ја врши ново дадената надлежност, потребно е да се создадат технички услови.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збо г. Исмет Рамадани:

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

И јас како моите колеги, бидејќи имам една иницијатива која што поздравува за формирање на комисија за европските прашања, всушност, денеска ја завршваме работата дека на декларативен и афирмативен начин велам дека треба да имаме една ваква комисија. Но ова не мора да значи дека тука започнува и завршува нашата задача и обврска со формирањето на оваа комисија за европски прашања.

Кога го велам ова, го имам предвид фактот дека онака како што требаше да се направи, или да се формира една ваква комисија, бидејќи треба да се направи еден вид синхронизација на дејствување, или пак со другите институции повисоки и поодговорни на државата со цел ние да се вклужиме во една работа која што не очекува, она што значи европска интеграција.

Бидејќи претседателот на државата сега формално или неформално е патрон на еден форум интензивирање на интегрирање, односно европски интегрирања, бидејќи Владата има потпретседател посебен кој што се занимава со интегративни прашања, Министерството за економија колку што ми е познато, можеби и другите министерства, сектори за европски прашања, тогаш е многу логично парламентот да има своја комисија за европски прашања.

И кога сме веќе тука оваа комисија мислам дека без да се потценат другите комисии, треба да биде малку попосебна од другите комисии, затоа што покрај другите, работата која што ќе ја врши внатре во Парламентот оваа комисија во неколку прашања се подразбира без да се меша во компентенциите на другите комисии, било да се за надворешна политика или групата за соработка со Европскиот парламент има многу конкретни задачи за тоа што значи компатибилност на законите и актите кои што се во врска со тие на Европската унија. Иако на јасен начин овде предлагачот, нашите колеги од политичките партии кои што се поголеми, или парламентарните групи имаат дадено рамка на задачите и обврските, јас мислам дека во текот на работата и дејствувањето на оваа комисија во иднина ќе ни се појави потреба и обврски и задачи кои што сега не можеме ни да ги предвидиме, затоа што самата работа, самите проблеми кои ни се појавуваат во секојдневието при соработката со хомолозите, со нашите хомолизи, значи во овој случај мислам на тоа што го кажа ценетата колешка Каролина дека некој дежави сега што се и членки на Европската унија и потенцијални кандидати, веќе имаат

слични комисии, меѓутоа, треба на некој начин сега да истражиме и да го најдеме хомологот на оваа комисија и во Европскиот парламент, затоа што на крај ние сме Парламент, ова е комисија за европски прашања која директно треба да комуницира со некоја комисија слична или иста при Европскиот парламент. И тука би рекол дека добро ќе биде оваа комисија уште од сега да мисли да има и свој веб сајд, што на еден начин да се надоврзе со веб сајдот на Европскиот парламент. Ние сме сведоци и сме имале прилика да го видиме дека Европскиот парламент има и свој веб сајд, каде што сите информации на активностите и задачите и работите кои што се вршат во нашиот Парламент како информација треба да се регистрираат во веб сајдот на Европскиот парламент. И кога ќе се направи ваква и слична комуникација, значи модерна комуникација, како што подразбира времето, тогаш најмалку ќе ја кажеме реченицата дека е на Европската унија.

Сакам да ви кажам дека не е точно дека не е тешка работа, дека не треба знаење, не треба работа, дека не треба правилна одредба и мене ми се чини дека потенцијал, знаење има. Верувајте дека колку што земаме учество во разни форуми гледаме дека во Македонија има потенцијал и интелектуалци и луѓе кои знаат Македонија многу подобро и многу полесно да ја сместат во европските интеграции.

АГРОН БУЏАКУ:

Збор има г. Ружди матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам. Почитувни колеги, ние како парламентарна група даваме поддршка на оваа комисија но ние тука мислиме дека работата на оваа комисија треба несомнено да содејствува со пораките кои ни доаѓаат од механизмите, пораки кои даағаат, или доаѓале од евроатланските механизми, северно атлански и европски. Овие пораки се концентрирани на неколку столбови кои се актуелни во земјата, односно на внатрешната кохезија на државата. Македонија треба да ја зголеми довербата меѓу народите, кои живеат во Републиката, треба да се развие борбата против организираниот криминал.

Треба, исто така, да се заземеме со имплементацијата на Рамковниот договор. Тоа се главни насоки, без кои не може да се продолжи интеграцијата на Република Македонија, без овие сегменти сериозно да се развијат. Не би сакал никогаш оваа Комисија да биде само една маска, шминка или инструмент кој води

.-

погрешна политика, туку Комисија која ќе го смени одразот на Македонија во однос на обврските кои таа ги презема од овие горенаведени механизми. Земјата, се разбира нема друг пат освен интеграциите, нема друга перспектива и треба сериозно да се заземеме за овие интеграции. Доколку дадеме еден опис односно една анализа на досегашната работа, мислам дека внатрешната кохезија не е стабилна во Република Македонија. Организираниот криминал продолжува и во разни форми се јавува, а напредокот по однос на имплементацијата на Рамковниот договор воопшто не продолжува.

Ние како парламентарна група секогаш сме давале пример за земји кои се интегрирани во Европската Унија, примери на земји кои аспирираат да бидат интегрирани и се на пат да бидат интегрирани и сме се обидувале секогаш сите процеси да ги следат овие димензии и така Македонија да се приближи повеќе до овие механизми. Затоа, оваа Комисија доколку не работи врз основа на овие принципи, повторно констатирам дека тоа ќе биде само една шминка, една маска, само за да се прикрие погорешната политика.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Јас поздравувам оваа одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на РМ, всушност станува збор за една комисија, а тоа е Комисијата за европски прашања.

Меѓутоа, и мојата дискусија, како и дискусијата на колешката Цветанка Иванова нема да биде во овој правец. Ќе бидам поконкретен и ќе кажам дека во точката 2, односно во делот кој се однесува на ЗПК став 2, по алинеја 1, се додава нова алинеја 2 која гласи: “усогласеност на законите со законодавството на ЕУ”, мислам дека ги надминува деловничките одредби. Ова особено содржано во член 145 став 1 од Деловникот.

Зошто ова го велам? Ова го велам затоа што ЗПК предлогот за донесување на закон го разгледува од гледна точка на потребата од донесување на Законот и неговата усогласеност со Уставот и за тоа на Собранието му поднесува извештај со свои мислења и предлози. Ова е една навистина нова одредба, меѓутоа, во таа смисла треба да се измени и деловникот, односно содржината на членот 145 на Деловникот и како што кажа и колешката на седницата на Комисијата ја дадовме таа

.-

забвелешка, а ова особено од аспект што двајца од вкупно петте предлагачи на донесената одлука се и членови на таа Комисија и ова навистина требаше да се има предвид. Добро е што стручната служба во Собранието навистина е стртучна, меѓутоа, се согласувам со потребата на Комисијата во секое време да и бидат достапни целосни инфромации за решенијата кои ги содржи законодавството на ЕУ, а исто така е потребно и Владата на РМ при доставувањето на законите во Собранието, во образложението да се повика на одредби од законите на ЕУ, со кои се согласуваат законите на РМ, истовремено да се содржани изводи и образложение на овие одредби.

Од тој аспект, лично сметам дека стручната служба на Владата на Република Македонија е она која треба да ја следи оваа усогласеност, ЗПК како еден последен филтер пред пленарните седници, односно при предлагањето на законите на самото Собрание истото да го усогласува, да го корегира и да води евиденција и сметка и се разбира од овој аспект се наметнува како неопхода потреба усовршување, односно дообука или едукација ако сакате, како на стручната служба така и на ЗПК.

Во таа насока би замолил еден од предлагачите, било кој да ми објасни на кој начин ЗПК ќе ја следи усогласеноста на законите со законодавството на ЕУ.

АГРОН БУЏАКУ:

Од страна на предлагачите има збор господинот Јани Макрадули за да објасни.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Се отвори една дилема, која неколку претходни дискутанти ја напоменаа, а пред се господинот Крстевски. Имено, ова е концепт кој бара сериозно преструктуирање на стручните служби во поддршка и помош на Комисијата. Ние доцниме, јас се согласувам со Комисијата, но да се пошегувам со она што го зборуваше Чашуле дека го погодивме терминот кога е самитот во Атина ние да ја формираме оваа комисија. Или пак како што зборуваше господинот Рамадани, во текот на работата ќе видиме можеби нова проблематика и нови задачи кои во овој момент не можеме да ги предвидиме.

Битно е што денес започнуваме еден процес за кој сите треба да бидеме свесни дека ќе биде сериозен и макотрпен. Затоа, досегашното работно тело, што беше повеќе протоколарно, каде што учествуваа само координатори, потпретседатели, шефови на делегации, тука предвидуваме и замислата е да бидат луѓе кои подетално и поопстојно ќе се занимаваат со оваа проблематика.

Затоа, реков дека мора да се направи преструктуирање во стручните служби од аспект на поголема поддршка на работата на Комисијата и секако поголема комуникација и транспарентност на Владата и во доставувањето на материјалите кои се поврзани со европските директиви, процедури и закони.

Затоа, верувам дека Владата ќе ја прифати препораката, бидејќи тоа е залагање и на ЗПК, ќе бидат наведени сите директиви и процедури на кои се повикува и ќе можеме тука да го испроцесираме и реализираме тоа. Во овој момент, друго е многу позначајно, а тоа е самиот чин на формирањето, решеноста, јасно изразената волја на сите политички партии и мислам дека тука треба да го ставиме акцентот во овој момент. Не е вечно, иако како што рече госпоѓа Ристова оваа Комисија ќе трае засекогаш, бидејќи тоа е неминовност. Не веруваме дека ова што тука е напишано од предлагачите е идеално и ќе трае засекогаш, туку ќе го промениме согласно чекорите и тешкотиите на кои ќе наидеме на патот кон решавањето на проблемите.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Рафис Алити, но тој не е тука.

Има збор господинот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Претходните дискутанти ме поттикнаа да се јавам за збор. Со Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на РМ се предлага основање на Комисија за европски прашања како постојано работно тело на Собранието. Комисијата ќе има претседател, членови и нивни заменици и сметам дека со оваа одлука не се влегува во ЕУ но е чекор кон ЕУ.

Со основањето на Комисијата за европски прашања ќе се обезбеди Собранието на РМ, во рамките на своите уставни надлежности активно да се вклучи во севкупните активности на РМ за исполнување на обврските преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу РМ и нејзините членки и за пристапување кон Европската Унија. Сметам дека никој од досегашните дискутанти не беше против оваа одлука и мислам дека со оваа одлука ќе направиме чекор за да се приближиме како Парламент и како Македонија кон ЕУ.

Исто така, со Одлуката се предлагаат и прашањата што се однесуваат на усогласување на законите на РМ со законодавството на ЕУ тоа да биде во надлежност на ЗПК. Покренатите прашања од претходните дискутанти се на место и бидејќи сегашната надлежност на ЗПК се однесува на потребата од усогласеност на

.-

законите со Уставот, а сега се дава уште една нова надлежност, а тоа е усогласеноста со законите, со законодавството на Европската Унија. Сметам дека ова треба да се надмине со екипирање на стручната служба комплетно, што ќе биде задолжена да го следи европското законодавство а со тоа да ги преточуваат законите од ЕУ во РМ, односно ние да се прилагодуваме кон ЕУ. Заради тоа сметам дека е вистинскиот момент за донесување на оваа одлука, а за останатото околу екипирањето на стручната служба на Собранието, на ЗПК и на оваа Комисија мислам дека ќе се најдат сили и можности да се следи европското законодавство, односно законодавството на ЕУ и ние да се усогласуваме со него. Уште еднаш ќе потенцирам, со оваа не се влегува во ЕУ, но е чекор до ЕУ. Затоа ќе гласам за неа.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван попретседателе, почитувани колеги,

Се разбира и парламнтарната група на ДУИ ќе ја поддржи одлуката за измен ување и дополнување на одлуката за формирање на постојани работни тела во Собранието на РМ или едноставно речено, со формирање Комисија за интегративни прашања. Затоа, и преку своите координатори ја потпишува оваа иницијатива. Како парламентарна група сметаме дека една ваква комисија е потребно да се формира веднаш по потпишувањето на спогодбата за стабилизација и асоцијација, потпишана меѓу РМ и ЕУ, односно државите на ЕУ. Но никогаш не е доцна и добро е направено што денес на дневен ред се предлага оваа одлука, со која на крајот ќе се формира и гореспоменатата комисија.

Анализирајќи ги надлежностите на оваа Комисија, значи есецијалната страна на оваа Предлог-одлука, дојдов до заклучок,како и претходните говорници, дека постои колизија на компетенции на оваа Комисија и другите комисии, но сепак, слушајќи ги објаснувањата што ги даде еден од иницијаторите и потпишувач на предлогот на одлуката, мислам дека за време на практичната работа ќе се елиминираат и можеби оваа предлог одлука ќе претрпи некои измени во правец на хармонизација на надлежностите на оваа Комисија и другите комисии, особено Комисијата за правни прашања.

Ние сметаме дека со основањето на оваа Комисија, Собранието на РМ, во рамките на своите уставни надлежности ќе биде активен учесник во општите активности на РМ, во правец на исполнување на сите обврски, преземени во согласност со гореспоменатата спогодба за стабилизација и асоцијација.

.-

Токму поради тоа, ние ќе гласаме за Предлогот на одлуката за формирање на оваа Комисија за интегративни прашања.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Зоран Шапуриќ:

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Јас сакам да кажам само неколку зборови во името на Пратеничката група на ЛДП. Имено, ние како пратеничка група сметаме дека е добро што за една таква важна одлука постои целосен консензус од сите пратенички групи во Парламентот, што уште еднаш јасно ја покажува ориентацијата на Република Македонија и на сите релеватни политички субјекти, а во конкретниот случај и на пратеничките групи кои се репрезенти на овие релевантни политички субјекти за евроатланската ориентација на Република Македонија, а во рамките на тоа и за приближување кон ЕУ.

Се согласувам со претходните дискутанти дека оваа одлука сама по себе, а се разбира ниту еден закон или одлука неможе автоматски да не приближи кон Европа, меѓутоа, ова е еден чекор на приближување кон ЕУ. Само да напоменам дека сите оние земји, таканаречени земји во транзиција кои се веќе многу понапред од нас кон овие евроатлански интеграции, а особено во приближување кон Европската Унија, веќе одамна имаат ваква комисија. Таков е примерот со Словенија, Чешка, Унгарија и некои други земји.

Оттаму, неопходно е и овој Парламент да ја формира оваа Комисија, која има доста широки надлежности. Се работи за една многу битна комисија. Нема да должам многу, бидејќи претходниот дискутант зборуваше но ќе кажам дека една од основните задачи на оваа Комисија е изградба на законодавството на РМ кое ќе биде компатибилно со законодавството на ЕУ. Знаеме дека е тоа огромна работа, преамбициозна, дури ако им го поставиме рокот на 4 години и тој е мал, меѓутоа, ако овој Парламент, се разбира заедно со Владата, односно извршната власт, пристапи кон изградување на едно такво комаптибилно законодавство кое се соодевствува со законодавството на ЕУ, тоа ќе значи чекор напред кон Европа. Исто така, ова значи почитувани колеги, дека извршната власт и Парламентот поактивно ќе биде вклучен во овој процес на приближување кон ЕУ.

Оттаму, пратеничката група на ЛДП ја поддржува оваа одлука и ќе гласа за оваа одлука.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господиниот Ќенан Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Господине потпретседателе, колеги и колешки пратеници, ќе се обидам да бидам краток.

Причината за моето јавување за дискусија е едно прашање што се отвори во врска со надлежностите на оваа комисија за европски прашања.

Уште на самиот старт да кажам дека ја подржувам одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела во Собранието на Република Македонија од едноставна причина што во правец на интегрирање во Европската унија и Евроатланските безбедносни структури постои консензус не само на парламентарните, според мое сознание, речиси и сите вонпарламентарни партии во земјата и тоа воопшто не е дискутабилно. Веројатно ќе биде потребен еден подолг период за да го фатиме, што се вели и последниот воз за евроатланските интеграции и пред нас ќе постои, веројатно сериозна работа, посебно во правец на усогласувањето на нашата легислатива со европското законодавство.

Во предлог одлуката се назначени и надлежностите што ќе ги има Комисијата за европски прашања која овде отвори одредени полемики, посебно во сферата на усогласувањето на нашето со европското законодавство.

Јас овде би сакал да назначам дека усогласувањето со стандардите на европското законодавство нема да биде работа само на Собранието на Република Македонија, туку првиот филтер ќе бидат владините министерства, секој за свој ресор посебно. Вториот филтер ќе биде оваа комисија за европски прашања. Нормално, тоа отвора едно сосема друго прашање, дали оваа комисија за европски прашања по своја персонална и кадровска структуираност ќе може потполно да одговори на задачите што ќе бидат поставени пред неа, т.е. дали ќе има во својата структуираност интелектуален капацитет и компетентност во одлучувањето, посебно поради тоа што одредени прашања што ќе бидат пред оваа комисија спаѓаат во надлежност, пред се на Законодавно-правната комисија и другите комисии.

Јас мислам дека во овој момент најбитно е ние да донесеме позитивен став во врска со основањето на оваа комисија, а понатаму во од, со преструктуирање на стручните служби и со специфични кадровски решенија да можеме да овозможиме оваа комисија максимално да одговори на поставените задачи пред себе. Оттука, мислам дека во овој момент најбитно е да добие поддршка оваа предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела во Собранието на Република Македонија, а во

.-

понатамошната работа да се корегира она што не би функционирало како што треба во практиката.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Можеби заборавив во воведното илагање да кажам, но со консензусот што го имаме сега, мислам дека тоа треба да го направиме и при формирањето и предлагањето на членовите на Комисијата.

Затоа, би апелирал до координаторите да се договориме кои членови кои области би ги покриле и така да направиме една навистина работна комисија, во која секој ќе биде задолжен за одделна област и ќе учествува во комплетното функционирање на Комисијата. Значи, ова како апел и поддршка за уште еден консензус при формирањето на Комисијата, односно при предлагањето на членовите.

АГРОН БУЏАКУ:

Гледам дека веќе нема пријавени за дискусија.

Јас ќе го искористам своето право и си давам себеси право како пратеник.

(Господинот Агрон Буџаку излегува на говорница)

Почитувани колеги, ве поздравувам. Сите заедно сме постигнале еден консензус, кој што е транспартиски консензус и кој ги надминува интересите во овој конкретен случај на една парламентарна група или на самиот Парламент, затоа што процесите на европска интеграција се од стратешки интерес за Република Македонија. На овој начин конкретно и законскиот дел на Владата на Република Македонија и Парламентот се вклучува конкретно во правец на изготвување за европска интеграција.

Како што знаеме, во Владата на Република Македонија имаме заменик министер за европски прашања и европска интеграција и поради тоа треба да се нагласи дека сите заедно треба да делуваме во овој правец и да има соработка многу поголема не само на Владата на Република Македонија и Парламентот, туку и на општеството на граѓаните, цивилите и на сите граѓани во правец на тежнеење, што го има и нашата партија со самото нејзино именување, значи Демократската

.-

унија за интеграција. Тежнеење кое има интеграција во три нивоа, тежнее кон три нивоа. Ќе работиме за интеграцијата на албанците и другите заедници во Република Македонија. Втората интеграција на која сите заедно, не само нашата партија, треба да делува, тоа е интеграцијата на Република Македонија во регионот, односно соработка со соседите на билатерално и мултилатерано ниво преку различни иницијативи.

Во оваа насока, би сакал да истакнам дека еден од условите кои и НАТО и Европската унија ги поставува на земјите од Западниот Балкан, како што не нарекуваат, е и регионалната соработка. Имајќи предвид што се случуваше во изминатите 10 - 12 години на поранешните југословенски простори, тука ги имаме предвид и другите стандарди, за кои не само декларативно, вербално и формално велиме дека ги исполнуваме, но имаме и предвидени услови, предвидени со документите на Европската унија, кои треба да ги исполниме, задолжително да ги исполниме во оваа насока. Мислам дека создавањето на оваа комисија, како што кажа господинот Макрадули треба да се направи така со цел да се опфатат пратеници кои треба да ја имаат и поддршката и кои ќе работат со голема сериозност, затоа што во почетниот период на воспоставувањето на повеќепартискиот систем и демократски систем во Република Македонија можеше да се дозволи еден одреден ентузијазам. За тој голем ентузијазам да се говори за желбата, стратегијата и да се интегрираат во Европа, меѓутоа сега кога и овие денови и формално се примија 10 земји од поранешниот комунистички блок во Европската унија со кој прием Европската унија ќе постигне едно население од 450 милиони жители. Би рекол дека не се гледа само од овој аспект дека претставува извонреден интерес за Европа Македонија, со 2 милиони граѓани да влезе во Европа, туку треба да го разбереме тоа како стратешки интерес за Република Македонија да направи се што е во нејзина можност да ги исполни критериумите, демократските, европски стандарди со цел да стане дел од ова големо семејство, со цел да може и да ги почувствува предностите и плодовите кои ги нуди една таква интеграција и едно такво припаѓање во Европската унија. Значи, треба овој консензус да не остане само вербален и формален, туку треба сите партии активно да учествуваат, сите главни партии во Република Македонија да делуваат и натаму. И опозицијата независно од одредени мислења на некои припадници на позицијата за тоа како треба да се решаваат проблемите на Балканот и тие треба на јасен начин да се декларираат, да кажат дали се навистина за европска интеграција, дали се интеграцијата на албанците во државата и за создавање на една цела

.-

македонска држава која ќе може да делува на меѓународната сцена или пак се за деструктивност. Мислам дека овие елементи не треба да имаат некое значајно место во нашето општество. Треба тоа општество да има потреба од конструктивни елементи за соработка било од опозицијата или позицијата треба да делуваат заедно, пред се за стабилизацијата на Република Македонија, интеграцијата на албанците и другите заедници, општества.

Второ, треба да соработуваат за регионална соработка како трета фаза што верувам дека овој процес ќе биде подржан и на предвидениот Самит во Солун и од страна на Италија која ќе претседава со Европската унија во втората половина на оваа година. Значи, мислам дека во оваа насока, секоја иницијатива, сакам да повторам уште еднаш, дури и формирањето на оваа комисија која треба да се зајакне и да работи со високи критериуми, со лица кои се поспособни, значи способни луѓе кои ќе можат да се соочат со оваа работа, затоа што е потребен голем напор и голема работа за да се интегрираме во Европа, во тие таканаречени акикуминатер кои содржат 10.000 страници. Значи, потребен им е голем труд и голема работа и од сега натаму немаме време за зборување, ни требаат дела.

Ви благодарам.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутните 61 пратеници, 60 гласале за, 1 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија ја донесе одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на 17-тата точка - Предлог на одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката, извештајот на Законодавно правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

.-

За предлогот на одлуката гласале 62 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија ја донесе одлуката за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија.

Минуваме на 18-тата точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за здравствена заштита" - Битола.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Ве молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлог на одлуката гласале 60 пратеници, 3 против, а од гласањето се воздржаа 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за здравствена заштита" - Битола.

Минуваме на 19-тата точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за здравствена заштита" - Куманово.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Молам службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Прусутни се 62 пратеници, за гласаа 53, против 1, воздржан 1.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за здравствена заштита" - Куманово.

.-

Минуваме на 20 тата точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Завод за здравствена заштита” - Велес.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Молам уште еднаш службите да го констатираат бројот на присутните пратеници во салата.

Од прусутни се 66 пратеници, за предлог на одлуката гласаа 57 пратеници, против нема, а од гласањето се воздржаа 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Завод за здравствена заштита” - Велес.

Минуваме на 21-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Медицински центар” - Гевгелија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот на одлуката гласа 58 пратеници, против гласаше 1 пратеник, а од гласањето се воздржаа 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Медицински центар” - Гевгелија.

Минуваме на 22-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Медицински центар” - Кавадарци.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

.-

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

АГРОН БУЏАКУ:

За Предлогот на одлуката гласаа 67 пратеници, против гласал 1 пратеник, а од гласањето се воздржал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кавадарци.

Минуваме на точката 23 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кочани.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, од кои за Предлогот на одлуката гласаа 70 пратеници, против гласаа 2, а од гласањето се воздржаа 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кочани.

Минуваме на точката 24 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Психијатриска болница “Скопје” - Скопје

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од кои за Предлогот на одлуката гласаа 63 пратеници, против гласаа 2, а од гласањето се воздржаа 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Психијатриска болница “Скопје” - Скопје.

Минуваме на точката 25 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза “Јасеново” - Велес.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, од кои за Предлогот на одлуката гласаа 63 пратеници, против гласаа 4, а од гласањето се воздржаа 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза “Јасеново” - Велес.

Минуваме на точката 26 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште Негорски бањи - Гевгелија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од кои за Предлогот на одлуката гласаа 60 пратеници, против гласаа 3, а од гласањето се воздржаа 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште Негорски бањи - Гевгелија.

Минуваме на точката 27 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека “30 Ноември” - Дебар.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 53 пратеници, од кои за Предлогот на одлуката гласаа 46 пратеници, против гласаа 1, а од гласањето се воздржаа 6 пратеници.

Очигледно дека има доволен број, но сепак тука имаме 53 кои гласале, па ги молам службите уште еднаш да пребројат. Затоа постои графа воздржан, па ве молам ако сакате да завршиме порано, постои жолтото копче.

Во салата има 81 пратеник.

Од вкупно присутни 81 пратеник гласале 53, од кои 46 за, против 1, воздржани 6.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека "30 Ноември" - Дебар.

Минуваме на точката 28 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека "7 Ноември" - Гевгелија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, од кои за Предлогот на одлуката гласаа 62 пратеници, против гласаа 3, а од гласањето се воздржаа 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека "7 Ноември" - Гевгелија.

Минуваме на точката 29 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Вевчани.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

.-

Вкупно гласаа 71 пратеник, од кои за Предлогот на одлуката гласаа 59 пратеници, против гласаа 4, а од гласањето се воздржаа 8 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Вевчани.

Минуваме на точката 30 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “11 Октомври”.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, од кои за Предлогот на одлуката гласаа 62 пратеници, против гласаа 3, а од гласањето се воздржаа 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “11 Октомври”.

Минуваме на точка 31 - Предлог на одлука за разрешување на член на Советот за радиодифузија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, од кои 53 за, 21 против и 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разреШување на член на Советот за радиодифузија.

Процедурално господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине потпретседателе, се извинувам, бидејќи досегашната пракса беше да работиме од 11,00 часот кога почнувавме и паузата беше од 14,00 до 15,00 часот, а сега бидејќи сме почнати од 10,00 часот, а работиме до 16,00 часот, мислам дека нецелисходна ќе биде паузата од 14,00 часот, па предлагам ако може да направиме

.-
сега еден час пауза, бидејќи нема претставник од Владата по последната точка, па потоа да продолжиме со работа.

АГРОН БУЌАКУ:

Претставникот на Владата беше тука, па ако е тука можеме да завршиме уште две точки без пауза, а бидејќи имаме една точка на која треба да се вратиме, се мисли на точката 9, а предлагачот е тука, на пауза ќе одиме подоцна.

Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, Мислењето на Владата, дописот од Законодавно-правната комисија, Извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот X од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор предлагачот господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине потпретседател, почитувани колеги, Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи како што сте сите запознаени беше предложен пред повеќе од месец дена со цел забелешките кои ги имавме во однос на имплементацијата на Рамковниот договор посебно по однос на прашањата каде мислиме дека Рамковниот договор е јасен како што беше прашањето на патните исправи, оценивме дека тоа одлагање на имплементацијата на тој дел од Рамковниот договор кој се однесува на позицијата, односно положбата на албанскиот јазик во институциите на системот врз основа на Рамковниот договор, ние како парламентарна група, јас како координатор го предложивме овој закон и се радувам што во одредена насока овој предлог го стави во движење, го раздвижи процесот на имплементацијата на Рамковниот договор, односно аспектот на патната исправа и пред неколку недели Парламентот усвои еден закон во овие рамки.

Едноставно се најдов пред дилема дали да продолжиме со процедурата за донесување на овие измени на Законот за патните исправи токму поради фактот што ние на таа седница ја поставивме нашата позиција, ги искажавме нашите критики, нашите забелешки во однос на тој закон кој беше донесен од Владата, но, за жал, во тоа време предлагачот - Владата не ги зема во предвид забелешките што ги имаше ДПА односно парламентарната група во однос на патните исправи. По извршените консултации во рамките на парламентарната група ние решивме оваа точка да остане на дневен ред од две причини:

Првата е практична затоа што мислевме дека можеби ќе успееме да го убедиме парламентарното мнозинство да го корегира нашето мислење односно рестриктивното толкување на Рамковниот договор и уставните одредби за употребата на албанскиот јазик и од друга страна мислевме дека треба да изразиме еден политички став во однос на процесите поврзани со имплементацијата на Рамковниот договор.

Едноставно со овој предлог-закон и овие измени ние уште еднаш го повторуваме истиот предлог кој на крајот на мандатот кога ние бевме дел од владината коалиција, Владата го донесе пред Парламентот овој предлог-закон кој се однесува на патните исправи на два јазици албанскиот и македонскиот фактички и англискиот тргнувајќи од корицата и целата содржина на самиот пасош.

Разликата со овој предлог-закон кој беше доставен до Парламентот во текот на таа Влада со овој закон кој ние го усвоивме пред неколку недели за некој претставува мала разлика, но ние мислиме и цениме дека разликите помеѓу овие два предлога беа од суштествено значење.

Законот усвоен од Владата, по моја оценка односно нашите оценки кои ги изразивме на таа седница мислиме дека употребата на албанскиот јазик се деградира и се редуцира под ниво на употреба на албанскиот јазик како колективитет, како народ, значи употребата на албанскиот јазик се редуцира на индивидуална употреба, индивидуално користење на албанскиот јазик во институциите на системот, во овој случај се работи за институцијата - пасош.

Едноставно ние сакавме и сакаме во оваа прилика да го привлечеме вниманието и да го искажеме нашето несогласување со овој начин на преточување на принципите на Рамковниот договор каде според нас албанскиот јазик е претставен како официјален јазик во сите институции на системот освен во оне делови на државата каде албанците претставуваат помал број.

.-

За жал, тој закон ја отвори вратата на многу дилеми во однос на официјализирањето на албанскиот јазик во институциите на системот. Доколку се продолжи со таков пристап албанскиот јазик да се смета како индивидуално право, мислиме дека со вакви делувања, со вакви акти после одредено време, доколку се продолжи со ова темпо и со овој пристап, можеби нема веќе да имаме потреба од закон за употреба на јазикот, со оглед на фактот дека употребата на албанскиот јазик парцијално ќе се дефинира во секој индивидуален закон.

На ова гледаме како на едена голема опасност, што подразбира ригидна и рестриктивна  интерпретација на Рамковнот договор. Со овој предлог закон ние сакаме да се обидеме да го вратиме процесот на правиот пат, на патот на духот на Рамковниот договор, каде што албанскиот јазик ќе биде втор званичен јазик во институциите на системот.  Се надеваме дека со овие аргументи, кои што ќе ги поднесеме и ќе ги претсетавиме од страна на парламентарната група на ДПА, Владата ќе се разбуди , ќе го смени својот пристап кон албанскиот јазик, може би е тешко, меѓутоа, мимслам дека е крајно време да се вратиме на вистинскиот пат каде албанскиот јазик навистина ќе се третира како втор официјален јазик.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

За збор се јави г-динот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Господа и госпоѓи, почитувани колеги, ние имавме став до крај нашиот закон, нашиот предлог да дојде овде во Парламентот, затоа што итро Владата механизмите на Парламентот, донесоа еден закон кои што нема никакви критериуми, кој што би требало да има еден закон врз основа на Рамковнот договор, на стандарди кои што треба да ги следи  РМ. Во Македонија прашањето на билингвизмот или пак на двојазичноста не е последица на бунтот на албанците, туку тоа беше традиција инсталирана со самото создавање на втора Југославија.Во врска со ова, ќе ви дадам една конкретна илустрација во врска со 1950 година, значи со една книшка, ученичка книшка во околината на Гостивар, што беше донесено од Министерството за образование во тоа време како Народна Република Македонија од 1950 година, каде што на еден многу прецизен начин се дефинирани прашањата на јззикот. Во овие ученички книшки се квалификува употребата на албанскиот јазик и е многу повисоко, отколку што ние се обидуваме да го оствариме. Тука се гледа дека албанскиот јазик се употребува значи во тоа време како прво, а македонското како втор. Се зголемува и големината на буквите. Сакам да илустрирам дека

.-

албанскиот народ во Македонија е сегмент, темел тој не е тука, некој со него да си игра и овие права ги имала добиено во Втората светска војна.

Значи права, кои албанскиот народ во Македонија и сите други народи ги добиле во борбата против нацизмот, а тие права ги има добиено со крв. Јас сакам господине потпретседател овој факт и поседувам неколку материјали, значи го имам тоа право и Секретаријатот, значи да им го подели и да ги погледате овие материјали, бидејќи ги поседувам овие материјали.

Проблемите во Македонија доаѓаат според овие права. Значи, еднаш добиени, потоа се уриваа, од власта и сега се случува исто со Охридскиот договор. Кога беше донесен договор за јазикот на 20% од населението да јазикот на тоа население се третира како службен јазик се поставува прашањето сега што се случува. Овдека принципиелно и колективно право неопходно, облигационо се претвара во индивидуално право необлигационо, најуникален случај се однесува со патните исправи што беше усвоен на претходната седница, поред овој закон албанскиот граѓанин по негово барање може да добие пасош и на албански јазик.

Да не продолжувам, мислам дека тука се крши принципот на Охридскиот договор. Во оваа Спогодба албанскиот јазик се третира како службен јазик што значи дека тоа ќе се остварува без да се праша волјата на граѓанинот. Значи, онака како што се остварува и македонскиот јазик.

Втората неправда се прави со самиот факт што во општините со над 20% албанска популација , македонците не му се починуваат на правото на билингвистика двојазичност. Што повторно го потврдува фактот дека во Македонија не се апплицира воопшто билингвалниот систем, туку се понудува една варијанта употреба на албанскиот јазик во необлигативен начин или факултативен начин. Пред малку ние имавме комисија која ќе се бави со Европските прашања и нагласивме дека за многу феномени Македонија треба да презема многу примери како одат процесите во земјите кои што се аспиранти и кои што сега веќе се во Европската фамилија.

Ние имаме употребено и порано словенскиот пример го имаме употребено, користено, значи да се направи споредба со словенскиот пример и ова што сега е во Македонија е исклучително ненормално. Копар го знаеме сите, таму живеат Словени, а живеат и Италијани. Уставот не ги обврзува за двојазичност. Додека, во Македонија нас не обврзува самиот устав. во Копар целата документација, администрацијата, патните исправи, личните документи, лична карта, дозволата, талоните за плаќање на електрична струја и вода, сите функционираат на два

.-

јазици, иако не ги обврзува Уставот во Р.Словенија. Во Копар функционира двојазичноста, италијанскиот и словенскиот јазик. Истиот случај го имаме и во едно гратче, каде што живеат Унгарци и Словени. Исто така, унгарскиот, романскиот и словенскиот се службени јазици. Кога ќе се направи споредба што не сме донеле во овој парламент, каков закон и како функционира таму, тоа е комплетно абнормално.

Ова решение кое што е сега предложено со усвоениот закон ја активира категоријата на калкулација на граѓаните. Затоа што двојазичноста, според идеологијата на законот, предложениот закон од волјата на граѓаните, а не од облигативната норма, законска, тој ќе почне да калкулира. Дали има сметка да се соочи со лошото третирање или разни третирања во царинските точки според неговата желба или ќе помине полесно ако има патни исправи само на македонски јазик. Слични решенија на двојазичност го прават необврзно и независно од желбата на граѓанинот, не дале никаков резултат, на пример, како во Вуковар, во Хрватска. После етничките чистења процентот на популацијата за Србите тие се мнозинство. Реализиран е истиот модел на двојазичност, така што Србите имаат право да бараат и на нивни јазик, но ако изразат барање, желба, лижна желба, за да фигурира нивниот јазик во документите. Но, дали знаете, господа, од нив има поставено барање, има и лични барања, документите да се пуштат на нивен јазик, а одговорот е ниедно или на друг начин математички нула. Решението што вие го имате понудено, господа, инсталира категорија на калкулација на граѓаните кои во основа и во суштина го уништива принципот на двојазичност. Ова решение што вие го понудувате ќе почне да го одвојува албанскиот јазик повторно во две категории.

Прво, во честитиа албанци, кои се лојални кон Владата на Македонија и на кои не им требаат документи на албански јазик,

Второ, албанци кои се нечесни, националисти и непријатели на Македонија, на кои им требаат документи на два јазици. Почнувајќи од овие мотиви, почитувајќи го духот на Охридскиот договор, основните начела на двојазичноста, меѓународните стандарди и посебно сакајќи да се елиминира конфузијата, ние излеговме со овој предлог закон, кој што ќе ги избегнува сите овие пречки и мани. Ако не сакате и ако не ја добиеме вашата поддршка за овој закон, кој што е суштински начелен, тогаш ова ќе биде еден алармантен знак за дегенерација на постигнатото, на најголемото постигнување од Охридскиот договор, со еден збор речено механизмот на консензус. Механизмот на консензус е предвиден да ги покрие интересите на албанците.ДУИ со давање зелено светло за поддршка на варијантата на сегашниот закон, усвоен закон, го претвори овој механизам во една непотребна направа и без

.-

опасна направа, безопасно оружје, во механизам кој што не ги штити интересите и во една играчка за раскусурување на партиските пазарења.

Сакам да завршам и да им се обратам на моите албанци колеги, кои што се во позиција, за кого удираат камбаните, само ќе ви повторам и ќе ви спомнам, војната, која што се случи во 2002 година, воопшто нема да прости, ова што го подготви СДС и кое што вие го поддржавте. Јас барам со поголема прецизност да се зафати со овие прашања кои што се кардинални за Македонија. До вчера сите бевме убедени дека Уставот е катализатор на кризата во Македонија, сега да недозволиме да не се почитува уставот и тоа пак да биде катализатор на кризата во Македонија.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Збор има г-динот Асани Фатмир.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес пред нас се наоѓа Предлог законот на пратениците на ДПА за изменувањата и дополнувањата на Законот за патните исправи на државјаните на РМ. Овие измени и дополненија ги направивме, сакајќи да корегираме една голема неправедност, која се направи со измената на Законот пред извесно време. Тоа се направи од страна на Владата а потоа и со усвојувањето во Парламентот од страна на пратениците што го сочинуваат парламентарното мнозинство. За жал, коалиционите партии направија една невидена дискриминација на албанскиот јазик на корицата на пасошот, намалувајќи го правото на албанците и поместувајќи ги нив од колективната заедница, на индивидуалното право. Значи, од тој момент и натаму пасошите на албански јазик ќе се издаваат само по посебно барање и врз основа на индивидуално барање, бидејќи така реши Владината партиска коалиција СДСМ - ДУИ, која го помина го усвои овој закон, кој што е во спротивност со Охридскиот договор. А, ние со нашиот предлог за измени и дополненија на Законот бараме да се издав пасош на албански јазик, без доставување на индивидуално барање, но тоа да се предвиди со закон, каде што покрај македонскиот јазик, да стои и албанскиот јазик. Тоа што ние го правиме денес, значи ова што го прави ДПА е во целосна согласност со Охридскиот договор и амандманот 5 на Уставот на РМ.

Сега, дозволете ми да цитирам. Член 7 точка 2 и 3 од Охридскиот договор, но и амандманот 5 на Уставот на РМ се многу децидни и ќе ги цитирам: “Било кој друг јазик, кој што го говорат најмалку 20% од населението, исто така, е службен јазик како и неговото писмо и било кој друг личен документ на граѓанинот што го говори

.-

службениот јазик, поинаков од македонскиот јазик. Исто така, ќе се издаде на тој јазик и на неговото писмо, во согласност со закон”. Албанците без овие измени ќе ја делат истата судбина со Евреите од времето на фашизмот. Јас мислам дека нема место и денес во 21-от век да се случуваат вакви нешта, повторувајќи го страмот на трагичните истории, како со она што беше еврејскиот печат. Длабоко сум убеден дека таквите тенденции на оваа власт се многу опасни и штетни за политичкиот процес во Македонија. Затоа, ги повикувам сите пратеници од името на коректно остварување и правично на Охридскиот договор да гласаат за измените во Законот, за пасош, бидејќи само на ваков начин и помагаме на нашата перспектива, на нашата заедничка држава. Сето друго е неприфатливо и во спротивност со нашата реалност.

Ви благодарам.

АГРОН БУЌАКУ:

За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас ги разбирам пратениците од пратеничката група на ДПА што се обидуваат да го вратат изгубениот рејтинг што го имаат меѓу електоратот, но не можам да ги оправдам средствата со кои се служат. Јас мислев вие потпретседателе дека ќе протестирате претходно на дискусијата на Матоши каде што тој најотворено се закани овде од говорницата. А сега како што викаат корекно и правично морам да укажам дека амандманот 5 не е така како што го кажуваат и морам да го прочитам. Значи, “друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик и неговото писмо”, но има продолжение “како што е определено со овој член “. Значи, понатаму во текстот од членот од амандман 5 има уште неколку работи што треба да се читаат ако сакаме да бидеме коректни и правични. Потоа, личните документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик , се издаваат на македонски јазик и неговото писмо, како и на тој јазик и неговото писмо во согласност со Законот. Таков Закон ни предложи Владата, а овде го усвои Собранието на Република Македонија . Или пак во органите на државната власт во Република Македонија службен јазик различен од македонскито јазик може да се користи во согласност со закон. Значи да бидеме прецизни, коректни и да се држиме точно на тоа како е напишано во амандманите. И на примената на Охридскиот договор тука нема никаква дилема дека апсолутно и Владата тоа јасно

.-

го кажа за што имаме и подршка од сите дека Владата е на прав пат во комплетна имплементација на Охридскиот Рамковен договор .

АГРОН БУЏАКУ:

Бидејки јас бев спомнат, морам сега јас да реплицирам. Јас припаѓам и тоа како пратеник на оваа партија што не е навикната и би рекол дека наша стратегија еда не влегуваме во вербални дуели за нешто што е веќе поминато. Ние зборуваме за Законот за патните исправи кој е веќе донесен. Сега да не навлегуваме ние да покажуваме трагикомични патриотизми, ми се чини дека Собранието треба да престане да биде такво место, туку треба да се зафатиме со сериозна и конструктивна работа. Затоа јас и не реагирам господине Макрадули.

За реплика се јави господинот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ

Господине потпретседател, тоа што го кажа господинот Макрадули воопшто не е вистина дека законто не овозможува, дека Уставот не овозможува, напротив, во недостаток на законот треба да се почитува Уставот. Тогаш, се поставува прашањето зошто не го носите законот за да го почитуваме законот. Второ население што е над 20% во Република Македонија , тогаш нивниот јазик и писмо се официјални. Регулирано со закон треба да се разбере колку македонското население ќе биде обврзано да го знае албанскиот јазик. Значи тоа може да се регулира со закон. А албанскиот јазик треба да функционира во сите институционални сфери, затоа што Уставот дозволува да функционира како таков.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван потпретседател, почитувани господа , во наите говори може да се случи ние да се повторуваме, меѓутоа мислам дека можеби ако се повторуваме неколку пати, може да се помогне за да се освестите. Ние сме незадоволни со измените во Законот. Имајки во предвид дек аовој предлог за донесување на законот, за измените и дополнувањата на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија е предложен во почетокот на месец март , значи предлагачот имал намера да се регулира едно прашање имајки го предвид

.-

амандманот 5 од Уставот на Република Македонија став 1, 2 и 3, што предвидува на цела територија на Република Македонија и во меѓународните односи службен јазик освен македонскиот јазик и неговото кирилско писмо е и јазикот кој што го зборуваат најмалку 20% на граѓаните и нивното писмо. Значи албанскито јазик и неговото писмо. Иако имаше предлог, сличен предлог, Владата на Република Македонија во забрзана постапка донесе друг предлог кој што предлог закон и помина на една од претходните седници на Парламентот. Меѓутоа, ние и тогаш ви дадовме до знаење дека тие измени кои што му се направија на Законот не кореспондираат со Охридскиот договор и понатаму подоцна со уставните промени. Заради тоа што правото на употреба на албанскито јазик , измените за кои што се зборува го третираат не како обврска , туку како желба, или волја. Значи, албанскито јазик може да се употребува, но може и да не се употребува зависно од желбата и какулациите на граѓаните. И заради тоа денеска кога имаме Предлог закон кој што го решава прашањето на употреба на албанскиот јазик што се однесува на патните исправи , мислам дека пратениците треба да го подржат овој закон , посебно албанските пратеници. Вие сте сведоци дека ние како парламентарна група цело време во овој Парламент сме се обидувале да бидеме конструктивни. Сме се обидувале да ве убедиме дека работите не одат како што треба , но ми се чини дека сето ова е излишно. Затоа сме загрижени, многу сме загрижени затоа што како може процесите наместо да одат напред, да се враќаат назад, како може за прашања за кои што еднаш сме се договориле начелно, сега да се
изменуваат и секојдневно да се прават нови пазарења. Незнам зошто го правите ова, незнам која е вашата намера . Времето ќе покаже, но немојте да заборавите, одговорноста ќе остане на вас.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитувани колеги, иако со едно задоцнување од околу два месеца, на крајот се стави на дневен ред законот за измена на Законот за патни исправи предложен од координаторот на парламентарната група на ДПА господин Замир Дика. Причините за едно вакво задоцнување за поставување на дневенр ед на овој закон ги знае самиот претседател на Парламентот. По се изгледа токму овој Предлог закон ја потикна Владата за да ја забрза процедурата за донесување нов закон, но

.-

според нејзина варијанта, кој што го знаеме сите, на 12-иот состанок доби зелено светло од мнозинството пратеници во овој Парламент. Ние пратениците од ДПА како и неколку други пратеници уште тогаш, значи при разгледувањето на тој закон преку нашите дискусии покажавме дека тој закон со таа содржина има свои недостатоци. Затоа и не треба да се усвои.

Нашите забелешки беа многу . Ние рековме дека Предлогот на тој закон не треба да се заснова едноставно на спогодбата на лидерите на коалиционите партии, туку врз основа на Охридскиот договор. Значи обврска на Владата беше да ја почитува и остварува сопогодбата од Охрид токму онака како што се и во овој случај со донесување на закон за пасош. Ова не е направено вака. Беше усвоен Законот предложен од Владата кој што како таков преставува еден голем хендикеп бидејки е сегрегативен закон во однос на албанците. Албанците иако во Уставот се третираат како рамноправни, тоа најдобро се гледа во амандманот 5 алинеја 2, 3 и 5 на Уставот на Република Македонија . Сепак, практично тоа не се остварува. Најдобар пример за ова што го реков е постојниот Закон за патните исправи каде што албанците независно од тоа дека се народ и нивниот јазик е службен, тие повторно се третираат како граѓани од втор ред. Така, албанците и тие права што правно им припаѓаат не можат да ги ползуваат бидејки немаат механизми тоа да го нарпават. Механизмите продолжуваат да бидат во вашите раце, во рацете на македонското мнозинство . Значи дека правата на албанците не зависи од законот и Уставот , туку од желбата на мнозинството што не е албанско. Тоа го одредува масата на правата што треба да ги имаат албанците. За жал ваквите закони како што е Законот за пасош усвоен пред неколку дена не познава историја. Никаде во светот не можеш да наидеш на еден ваков закон каков што е овој. Дури за време на Втората светска војна кога фашистичкиот режим , значи евреите,  не можете да најдете еден ваков закон. Во 1938 година Хитлер со посебен закон рече дека секој евреин мора на раката да носи знак кој што треба да биде знак за распознавање во однос на германците, со тоа што можеа да се пријават пред секоја институција државна, или било што за извршување на некоја работа беа обврзани да го имаат знакот кој што беше знак за идентификација. Но, во однос на тогашната сегрегација на евреите и сегашната сегрегација во однос на албанците е во тоа дека ова второво е уште потешко. Значи, сегрегацијата во однос на албанците. Зошто велам така? Велам бидејки врз основа на овој постоечкиот закон за пасоши албанците треба самите по нивна желба да се сегрегрираат во однос на другите. Со самиот факт дека албанецот се става во позиција да бара да постави , значи посебно бара да му се

.-

издаде пасош и на неговиот јазик значи со знак на идентификација, значи може да добие пасош како пасош документ за негова употреба што нешто го немаат другите граѓани во Македонија. Овој закон се судира и со другите закони, со сите меѓународни конвенции со кои се гарантира правото во однос на тајноста на националната припадност. Мене ми е жал што со еден ваков закон господинот Црвенковски постигна да го изманипулира господинот Ахмети, а со тоа и пратениците од неговата партија кои што без нивна желба беа приморани да го подржат. Но, едно треба да знаат , дека со ова не може да се манипулира кај популот. Кај популот постои едно големо незадоволство во однос на овој закон, така што ако овој закон не се измени, прашањето е колку ќе биде почитуван од страна на албанците. Господинот Црвенковски секогаш декларираше дека нема компромис во однос на Охридскиот договор, а од друга страна со разни спогодби и договори со партнерите од коалицијата работи за негово минирање. Фактички тој не е заинтересиран да прави измени во согласност со уставните измени каде што статусот на албанците требаше да биде изменет поинаков во однос на она што беше до војната. Јас би сугерирал до премиерот, но и до сите други кои што мислат како него , да не се обидуваат да направат такви дриблинзи бидејќи вакви реформи, со вакво нешто не се постигнува ништо, нема никаква корист во подобрувањето на економската политика, а со тоа и за зачувувањето на стабилноста и мирот во Македонија. Доколку тој мисли дека со разни манипулации може да им прави на своите партнери во коалицијата може да постигне успеси кои што можат да бидат како позитивни од макеоднска страна, мислам дека се лаже. Се лаже затоа што од една страна добива симпатии, но од друга страна го зголемвуа ендекот врз етничка поделеност. За мене сите оние што ги разбираат овие околности во кои што живееме она е најлошото доколку преставува опасност за стабилноста и мирот во државата и со темите за враќање, мислам дека минатото не смее да се повторува. Пред воениот конфликт во 2001 година беа направени голем број на грешки, свесни, или несвесни, имаше една ригидна политика во однос на правата на албанците, немаше готовност албанците да ги уживаат оние наследени права од претходниот систем. Ова во еден пример на последниот Конгрес на СДСМ го призна самиот претседател на оваа партија господинот Црвенковски кој што меѓу другото потенцираше измените кои се направени во однос на конституирањето на Уставот од 1991 година треба да биде основа , пример во иднина тие да не се пвоторуваат. Врз основа на добрата волја изразена на оваа Влада и на прифаќањето на грешките кои се направени во минатото, ние очекувавме дека навистина ќе се гради , ќе се

.-

остварува од оваа Влада една правична политика и сите отворени прашања, особено на оние кои се однесвуаат на националните прашања. За жал истите грешки се повторуваат. Доказ за ова се последните 7 месеци од владеењето на оваа Влада, од оваа власт и натаму продолжува истата позиција на албанците во системот. Тие постојано се надгласуваат кога се однесува на донесувањето на закони и одлуки кои што треба да овозможат унапредување на статусот на албанците. Врз основа на Уставот и Охридскиот договор јас не сакам уште еднаш да ги спомнувам некои од недостатоците и грешките кои се направени од оваа Влада, бидејки на една седница за тоа зборував и мислам дека многу има да се зборува и мислам дека на една од наредните седници ќе зборувам за тоа. Ние како ДПА и натаму даваме шанса на мирот, на стабилноста, на зачувувањето на територијалниот интегритет на оваа држава. Ние и натаму веруваме дека има простор и можности да се направат ревидирања на минатото. Веруваме дека ќе надвладее готовноста за рамноправност на народите во оваа држава. Ние оваа шанса ја нудиме бидејки мислиме дека е тоа и наш интерес заедно да живееме во оваа држава, но да живееме рамноправно.

Предлогот на овој закон е во духот на ова што го реков. Со ова ние не бараме ништо друго освен правично почитување на Уставот. Ние денес во Македонија според Уставот имаме официјален јазик македонскито јазик и албанскиот јазик и затоа бараме овие два јазика и нивното писмо да имаат рамноправен третман и во патните исправи за граѓаните на Република Македонија . Албанците го почитуваат тоа што го вели Уставот и тоа треба и другите да го почитуваат. Кога мене не ми пречи податоците напишани, наведени во патната исправа претходно да бидат на макеоднски јазик, а потоа на албански јазик, го поставувам прашањето зошто ова би им пречело на другите неалбански граѓани. Јас не гледам тука никаква тенденција со која би се загрозиле националните интереси на Македонија со еден ваков закон каков што го предлагаме ние, сите се еднакви. Никој нема да може со прст да покаже дека овој е Македонец, тој е Албанец, тој е Турчин, тој е Србин и т.н. Јас така го гледам концептот на еднаквост. Не треба да се злоупотреби механизмот на парламентарната демократија каде мнозинството одлучува за малцинството. Ова би било добро, во ред.

Во ред за парламентарната демократија, доколу во Македонија има само македонци, или само албанци, или само турци. Меѓутоа, реалноста е поинаква. Оваа држава е мултинационална, мултикултурна и мултирелигиозна. Затоа со ова се импонира потребата да постигнуваме дијалог, да наоѓаме решенија преку дијалог

и решение за сите проблеми што не загрижуваат. Не треба да се обидуваме на некому да му нанесуваме штета или лошо, кое за себе не би го сакале. На крајот апелирам до сите вас пратеници, да го поддржите овој закон и да бидете сигурни дека доколку вие тоа го направите, сте направиле извонреден чекор напред во однос на надминувањето на една неправедност направена не денеска, меѓутоа, во минатото и со тоа ќе дадете придонес во враќање на взаемната доверба, што исто така е многу значајно за зачувувањето на лојалноста на албанците во оваа држава. Сето ова е многу значајно и од фактот што Македонија веќе сега се декларира дека работи за интегрирање во Европската Унија, во НАТО и во другите меѓународни структури. Затоа ние под опсервација сите ги имаат насочено очите кон нас и гледаат и не следат како работиме, дали ќе се придржуваме кон она за што сме се декларирале дека Ќе го спроведеме. Колку некој да се обидува да ја покаже ситуацијата како попозитивна од минатото, сепак, реалноста покажува нешто друго. Оваа реалност ја гледаат и од меѓународниот фактор, независно дека тие тоа ни го кажуваат на јасен и директен начин.

Значи за забрзување на процесот на интеграција на Македонија во овие меѓународни организации, се разбира дека треба да се исполнат условите кои ттие ги имаат одредено.

Почитувани колеги, овој закон е и во духот на ангажирањето на Меѓународната заедница, затоа неговото освојување ќе го зајакне убедувањето кај нив дека во Македонија навистина се наоѓа вистинскиот пат на трансформација и на забрзувањето на процесот во насока на мирното интегрирање во европското семејство. Во оваа насока, во овие рамки, со цел да го зајакнеме тоа убедување, јас сум уверен дека треба да се поддржи овој закон. Господинот Матоши истакна во однос на Законот за личните исправи во Словенија, го даде неговиот пример, еве тука е и тој закон, иако таму словенечкиот јазик и италијанскиот и унгарскиот јазик, не се третираат исто како кај нас како што е случајот со Македонија каде се третираат со Уставот. Еве го членот 13 каде се вели дека формуларот за патните исправи и визи се печатат на словенечки, англиски и француски јазик, на територијата предвидена со закон на автохтон начин заедно припадници на словенечкиот народ и на италијанската и на унгарската националност и таму се печатат и на италијански и на унгарски јазик. Еве тоа како изгледа на унгарски и на словенечки јазик а еве како на словенечки и на италијански јазик. Што значи дека сите граѓани на Копар, било тоа да се словенци, италијани, хрвати, срби итн., патната исправа ја добиваат само на словенечкиот и на италијанскиот јазик. На тие

територии каде се одредени со закон, каде со закон се предвидува во документите освен словенечкиот јазик да има и унгарски јазик, независно дали таму живеат припадници на другите националности сите граѓани патната исправа ја добиваат на словенечки и на унгарски јазик. Само на тој начин може да се елиминира ситуацијата на некој некого би му покажал со прст и би му рекол тоа е албанец. На тој начин би се идентификувала неговата националност.

Јас уште еднаш би молел да дадеме заедничка поддршка на овој закон. Ова ќе претставува голем пресврт во нашите напори за заедничка интеграција во оваа наша држава и во спротивно, доколку овој закон не помине со сите овие изразени аргументи и факти, а ние ова не го правиме за маркетинг за ој што истакна господинот Макрадули во тоа многу брзо ќе се уверите дека ние како парламентарна група ќе предложиме до партиските органи да се дискутира нашето функционирање како парламентарна група во ова Собрание, а доколку пак вие решите како што ние бараме тогаш ќе се оставиме да си делувате на раат како вие сакате најдобро.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во текот на расправата беа изнесени обвинувања дека претседателот на Собранието го ставил законот на разгледување два месеци после добивањето, би сакал да го истакнам следново. Законот е доставен до мене на 11 март. Член 139 од Деловникот пропишува дека предлогот доставен до претседателот, претседателот го става на дневен ред на седница на Собранието во рок од 30 дена од поднесувањето на предлогот. Поднесениот предлог од 11 март јас го имам ставено со решение на дневен ред на 31 март, значи во рок од 30 дена, сум го искорилтил дваесеттиот ден.

Седнивата согласно Деловникот се закажува не порано од 15 дена, доколку има предлози за донесување на закон, а на оваа седница има и такви предлози како и овој. Седницата закажана на 31 е свикана за 17. Седумнаесеттиот ден е искористен, што значи не дека не е точно дека сум го ставил два месеци после тоа, туку во рамки на Деловникот, така што тоа обвинување не го прифаќам. Напротив, ставено е на првата седница закажана веднаш после поднесувањето и ги молам пратениците кога такви обвинувања изнесуваат да имаат предвид факти.

Има збор Љупчо Јордановски, реплика на господинот Халими.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почувствував потреба да се оградам од некои искажувања на господинот Халими кои што во принцип немаат голема врска со проблематиката што овдека се расправа, но е длабоко нехумано, а тоа е дека Халими го спореди фашистичкиот режим со она што се однесува овдека кажувајќи дека и односот спрема евреите од страна на фашистите бил многу подобар а дека односот на оваа држава према албанскиот народ со тоа што и се дал избор да избере кој е многу полош. Сметам дека ова е кажано или свесно или несвесно и направена е навреда не само према еврејскиот народ каде што се релативизираат жртвите од неколку десетици милиони, туку е направена и неправда према самата македонска држава, македонскиот народ, а секој граѓанин, па мислам и албанскиот, затоа што знам дека и албанскиот народ е далеку хуман, затоа јас не барам и не сакам да навлегувам во фројдовските анализи на овој негов исказ, ниту барам да се изнини а тоа го оставам сепак на неговата совест и на неговата хуманост.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Јас не ја споредив позицијата на еврејскиот народ во Германија во тоа време со позицијата на албанците овде Природно е дека не можат да се направат споредби, не сме ние во таа позиција во која што биле тие. Јас употребив само еден пример од еден закон кој што тогаш е донесен евреите да имаат едно одбележје за идентификација пред органите.

Со овој закон, што вие сте го усвоиле пред неколку дена, каде што албанците се обврзани да бараат по нивна желба патни исправи и на албански јазик, ова е исто и со желбата за албанскиот јазик тоа им го направила државата, а ние овде со наша желба го првиме овде и не се однесува на деградација на албанците кон другите граѓани кон оваа држава. Ова се регулира така што патните исправи да бидат така како што ги бараат сите други граѓани, значи немојте лошо да ме интерпретирате, тоа колега кој што гледа да направи обвинувања кои што не се во врска со тоа што јас го спомнав претходно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се јавува за збор господинот Андреј Жерновски, реплика на господинот Халими.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Пратеничката група на ЛДП виза ви дискусиите на пратениците на ДПА по повод оваа тема, посебно на последниот господин кој што дискутираше на оваа тема, може или да реплицира на овие тези, или да ги игнонира фашизоидните тези кои се полни со омраза, со закани и цитирам со желба да се резидира историјата. Овие ваши дискусии припаѓаат на минатото и ние сме се определиле да ги игнорираме овие ваши тези.

Се поставува прашањето дали сте воопшто свесни за одговорноста што ја носи седиштето ваше кое што го зафаќате во Парламентот, говорницата што ја користите, микрофонот што го користите, преку кои што ги имитирате вашите пораки.

Ние како пратеничка група вас ќе се ставиме на буниште на историјата, бидејќи таму и припаѓате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Јас во мојата дискусија никаква омраза ни закани не направив. Јас само покажав една реалност. Омразата и дискриминацијата ја правите вие со вашето мнозинство тука кога донесувате закони и одлуки кои се против интересите на албанците. Усвоениот закон пред неколку дена, во однос на безбедносните исли тука во Република Македонија, не опфаЌајќи ги сите инвалиди од албанската заедница, тука правите навистина голема разлика и сегрегација меѓу граѓаните во оваа земја. Дали со ова вие покажувате омраза, или ние. Овој закон за пасошите кој не обврзува, ние да поднесеме посебно барање, да ни се даде нашиот јазик. Дали вие правите сегрегација, или ние. Омраза вие искажувате или ние. Ве молам, немојте да се служите со такви манипулации и вината на некој друг да ја закачите, а таа вина ја имате вие. А целиот свет не опсервира тоа што го правиме ние тука и тогаш не се изненадувајте кога се појавуваат нови опции од друг лидер. Ние сме тие кои сакаме да ја зачуваме оваа Македонија. А вие со вашата работа сакате да ја разрушите и да ја поделите оваа Македонија. Затоа треба да сте свесни како работите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Навистина се наоѓаме на еден момент каде треба неизбежно да имаме јазна визија, која сигурно ќе ги помогне многу процесите во Република Македонија. Кога го имаме овој факт предвид, јас мислам дека во овие моменти ќе говорам со една поголема одговорност и ќе се обидам постојано да ја бранам реалноста да го бранам и она што ние сите го нарекуваме вистина. Овој закон кој е денеска предложен од страна на г. Дика и кој се однесува на патните исправи е прашање кое како што можам јас да видам на одреден начин се прави обид, колку толку да се избега од реалноста. Ние овој закон го усвоивме пред неколку недели и овој закон, кој што го усвоивме во Собранието беше поздравен од севкупното население и за овој закон има позитивни оценки, барем ние така сме информирани, врз основа на контактите и раагворите кои сме ги имале со населението.

Повелете, оправдајте го тоа со аргументи, ве поддржуваме потполно, нема дилема. Меѓутоа, велам имајте трпение. Едно ви велам, Охридскиот договор ги има поминато сите граници, оптимални граници, што се однесува на неговото реализирање. Охридскиот договор требало да се реализира точка по точка во минатиот состав. Ме интересира зошто нема одговор околу ова прашање, зошто не се реализира Охридскиот договор во минатиот состав. Ние знаеме... Ве молам, внимавајте, ве ислушав сите, имајте трпение, немојте да се нервирате, нема нервоза со овие прашања. Тоа значи при недостиг на аргументи и факти луѓето се нервираат и прават постапки. Ве молам, зошто не се имплементира потполно Охридскиот договор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ги замолувам пратениците од пратеничката група од ДПА, никакви дофрлувања од место за време на дебата.

Повелете господине Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Велам, и повторно ви велам, ќе се обидам да бидам што појасен. И ќе зборувам со одговорност. Има многу факти и аргументи кои денес нема да ги изнесам, но ќе изнесам само едно прашање на кое барам одговор. До пратениците што биле во минатиот состав: Зошто Охридскиот договор не се имплементира во рокот кој што беше одреден? Ние сме имале предвидено и предвремени избори, кои биле предвидени за јануари 2002 година. Тие предвремени избори не се реализираа. Како главна пречка беше тоа што Охридскиот договор не се постигна да

.-

се реализира, односно да се донесат сите закони кои се во согласност со измените што се направија во Уставот на Република Македонија. Притоа, и Законот за патни исправи требаше да се донесе во тој рок, но не се донесе. Зошто не одговорите на ова прашање. Законот што беше во процедура во минатиот состав, дали бил закон кој кореспондира со Законот што сега го предложи господинот Замир Дика? Не, не бил. На ова ниво не бил, да зборуваме реално, а вие само тој закон сте го прифатиле, но немавме поддршка од парламентарното мнозинство во минатиот состав и тоа не помина. Сега имаме друга ситуација и повторувам, поради точно информирање, да не дојдеме во состојба - верувајте дека не сакам и немам намера некого да провоцирам за прашања кои се со голема тежина, и се капитални прашања, треба да бидеме малку повнимателни и да имаме правилен приод, бидејќи само на тој начин можеме да придонесеме за решавање на сите проблеми, само на тој начин можеме да помогнеме во одењето напред, само на тој начин можеме да гарантираме една перпсектива и подобра иднина за сите.

Токму во овој случај ви велам дека Законот кој се усвои беше добро дочекан од албанскиот народ и се чека да се донесат и други закони. Народот чека да се донесат и други закони. Исто така, чека да се решат и другите проблеми. Би ве поздравил и би се согласил, но ќе имавте и силна поддршка, ако би предложиле друг закон кој се однесува на Охридскиот договор, но досега не сме стигнале да го усвоиме или донесеме  тој закон.Верувајте, ова ви ги велам со полна одговорност. И да имаше место за поддршка, и во овој случај би ве поддржал. Но нема. Ќе ве поддржиме како парламентарна група, но нема место, затоа што во овој момент не гледам дека сериозоно ќе се заземеме за проблем, за кој проблем веќе сме решиле пред неколку недели.

Затоа, мислам дека е оправдано сите, без оглед дали се пратеници на ДУИ или на ДПА или на СДСМ, има потреба во оваа држава да се работи со една поголема динамика, овие проблеми  кои секој од нас ги спомнува со полна одговорност, Охридски договор, тој договор да се реализира што побрзо, да се донесаст сите закони и да пријдеме на другите проблеми. Многу сериозно велам дека во овој правец треба да работиме без оглед дали се работи за позиција или опозиција, затоа што заедничкиот интерес на сите нас е во оваа држава. Нема друг пат. Ако ние почнеме со обвинувања, со навреди меѓу нас, со големи зборови, јас мислам дека нема да придонесеме ни за нас, ниту за процесите. Не придонесуваме ниту за тоа што бараме интеграција во европското семејство. Никој нас во оваа форма и овие околности не е во состојба да не прими како партнер, како сериозен

партнер за добивање заслужено место во европските интеграции. Ќе беше многу добро и со голема тежина за сите нас, доколку во овие моменти сериозно се зафатевме со проблемите и ги решевме, а не да создаваме нови. И уште еднаш ви велам дека ДУИ не прави пазарења, што се однесува до статусот на јазикот или на Рамковниот договор. Ќе се обидеме со заеднички сили во овој состав тој договор да се реализира до крај. Но, со еден услов, да не губиме премногу време околу Рамковниот договор, со цел за што пократок рок да ги донесеме соодветните закони и да се заземеме со други прашања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега ќе дадеме пауза, само ќе ги слушнеме оние пратеници..(реакции) - полека, колеги, дозволете да кажам два збора пред да викате. Па навистина, вие не дозволувате никој да води седница ако нешто не е по ваша волја. (уфрлување на пратеникот Матоши со зборовите “како баш сега пауза”). Дозолете да завршам.

Може ли да довршам, господине Матоши, ако ми дадете дозвола?

Пред да одиме на пауза, збор ќе добијат само тие што имаат реплика на господинот Шаќири. Тој блок ќе го завршиме, а дискутантите после паузата ќе продолжат бидејќи веќе е 14.05 часот.

Не притискајте копчиња и не им давајте збор, за да не го избришеме редот.

Асани, имате реплика или дискусија? (Реплика).

Реплика на Шаќири.

Господине Асани, имате реплика три минути на господинот Шаќири.

Господине Џелили, ве предупредувам дека го нарушувате редот на одвивањето на седницата.

ФАТМИР АСАНИ:

Би сакал да му реплицирам на господинот Хисни Шаќири дека ние не ја направивме војната и ние не разрушивме села за валкани пазарења. Додека бев во Слупчане под гранатите, тој седеше во Липково гледајќи телевизија и многу добро знае како се одвиваше Рамковниот договор. Што се случи со Рамковниот договор по војната? Не се направија измени, не се направија компромиси? Токму од военото крило, од господинот Али Ахмети. А јас велев да не се предаде оружјето се додека не се реши во парламентот за Рамковниот договор, се додека не се усвојат сите закони и Уставот. Денес се е во ред за господинот Шаќири. Може да прават пазарења, може на албанците да им се даде пасош, но само доколку бараат на македонски и албански јазик. Каде сте вие македонците, кои не го сакате албанскиот

.-

јазик да биде и на вашиот пасош, што ви пречи на вас албанскиот јазик да биде и на вашата патна исправа?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шаќири, имате реплика една минута.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Мојот земјак би го смирил со оглед на фактот што гледам дека говори со висока доза на нервоза, меѓутоа, тоа е резулат на фактот дека работите не ги знае и дека секој лапсус што може да се направи во оваа насока, токму луѓето кои немаат доволно информации, разбирам дека може да се направи лапсус и можам да им го простам тоа. Пред се, им простувам на моите земјаци, затоа што тие ми се земјаци и мислам дека заедно треба да се вратиме на терен да го изградиме, затоа што знаеме дека од војната беше разрушен, меѓутоа, тоа треба да го направиме со заенички силиј и заради тоа треба да работиме што повеќе, помалку со зборови и политика, затоа што таму многу помалку има простор за политика, а повеќе за напори за изградба и реизградба на целата таа област што беше опфатена од конфликтот од 2001 година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Вејсели имате дебата или реплика? (Дебата)

Господине Матоши, имате три минути реплика на господинот Шаќири.

РУЖДИ МАТОШИ:

Што се однесува до пазарењата, очите гледаат, секој ден говори чаршијата, говорат чајџилниците, говорат амбиентите на универзитетите каде што живее населението и сите велат дека не се имплементира Рамковниот договор. Јас се чудам со господинот Шаќири кој го тера господинот Шаќири да ги стави во рамките на ДУИ, на високите структури, кој го тера да ги стави високите удбаши од КОС, заменици директори? Јас се чудам со овој човек, како може сега овој човек да делува вака. Еден човек кој што велеше дека е на првата линија на фронтот како може толку брзо да се претвори во еден адвокат на СДСМ. Ова е навистинадно едно чудо кое што го гледам кај овој човек.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шаќири реплика на претходното излагање, а ќе го искористам правото после тоа да ја прекинам седницата и ќе продолжиме после паузата.

Господине Шаќири, повелете.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

.-

Би сакал да го известам господинот Ружди Матоши, не се познаваме многу добро, меѓутоа, колку за да го информирам би сакал да јму кажам дека господинот Хисни Шаќири никогаш не бил како годишните времиња, туку секогаш сум држел една линија и сум се обидувал да го одбранам тоа што било моја обврска, како и на многумина други што се однесува до стртуктурите на ДУИ. Што се однесува до тие структури ние сме отворена политичка партија и сите граѓани на Република Македонија имаат право да се зачленат не само во ДУИ, туку и во сите партии. Но и покрај тоа, ние немаме такви информации и во нашата раководна структура членството е нешто друго. Воопшто не можам да кажам дека тоа што го кажа е вистина, туку и покрај тоа, уште еднаш тука би сакал сите да знаат, тука треба да имаме едно ниво, да одржиме едно ниво во однос  на одредени прашања. Во принцип би говорел многу малку за прашања што не ги знам доволно во овој конкретен случај, јас реков дека во мојата дискусија ќе се обидам никого да не навредам, туку да држам една права линија. Ќе се обидам тоа секогаш да го имам како принцип и ќе го бранам, со цел да помогнам одредени процеси и да го постигнам тоа што е цел на сите нас, но што го посакуваат и сите граѓани на Македонија, било албанци или македонци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Мислам дека репликите не одвлекуваат од темата на расправа и малку тензијата е покачена. Ќе го искористам правото на пауза.

Ќе продолжиме во 15,00 часот и ќе работи до 16,00 часот.

(Паузата отпочна во 14,10 часот).

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Се разговара за едно прашање, за еден предлог на закон каде јас го искажав мојот став по повод усвојувањето на Законот кој произлезе од Владата на Република Македонија за усвојување на еден закон за патни исправи и немам што да додадам во тој правец, затоа што сите забелешки и сугестии што ги имавме ги кажав пред овој Парламентот. Во тој правец, седејќи и гледајќи ги другите парламентарни групи како полемизираат една со друга и како се обвинуваат взаемно, добив многу телефонски повици ссседејќи на моето место, па бев принуден да излезам тука на говорницата и да го кажам тоа што јас го мислам, да го кажам тоа што е за доброто на сите кои живееме во Република Македонија. Не е добро да бидеме сведоци на взаемните обвинувања кои ги правиме меѓу себе, било тие да се

.-

аргументирани или не, затоа што тие не не водат никаде освен во еден амбис од кој не ќе можеме да излеземе. Јас знам дека партиите кои функционираат и оние кои се на власт прават грешки и често пати тие треба тие грешки да ги примаат, да ги прифатат критиките од луѓето кои не се на власт, туку имаат улога на опозиција и улога на коректори.

Тука посебно би сакал да истакнам дека во Република Македонија имаме Охридски договор кој го потпишале две албански политички партии кои денес се во опозиција и партијата на власт која секоја активност што ќе ја преземе за имплементација и реализација на Рамковниот договор има обврска и одговорност пред албанците на Република Македонија, да се консултира или да ги информира партиите, доколку не сака да се консултира, барем да ги информира за резултатите што коалиционата влада ќе ги постигне, за оние прашања кои се од големо значење, а се дел од Рамковниот договор. Во тој правец, доколку партијата на власт и натаму продолжува со старата приказна, јас сум на власт, имам мнозинство и јас ќе решавам за прашањето на албанците во Република Македонија, тогаш, верувајте дека грешите, затоа што одговорен за имплементацијата и реализацијата на Рамковниот договор се сите албанци во Република Македонија, неисклучувајќи ги тука и македонците, затоа што и тие се потписници на Рамковниот договор. Доколку одиме уште подалеку, со цел да стигнеме до нивото каде сами ќе одлучуваме за круцијалните прашања за граѓаните на Република Македонија. Тогаш ќе дојдеме до полемики на какви бевме сведоци денес во Парламентот, а тоа не се добри полемики за сите нас, бидејќи ние сме претставници на граѓаните во Република Македонија и треба тука да бидеме соединети и албанците и македонците, во однос на тоа што припаѓа на Рамковниот договор. Доколку предложиме на поинаков начин, верувајте полемиките ќе бидат уште поголеми и реакциите на граѓаните ќе бидат многу појаки, велејќи дека ние, нашите претставници не сме ги пратиле да се караат меѓу себе, да се обвинуваат взаемно, туку сме ги избрале да го реализираат тоа што му го ветиле на населението. Сите ние знаеме дека политичките партии, независно од која заедница доаѓаат, ветуваат и во случајов ветувањата беа многу силни, дека ние ќе направиме тоа или она. Затоа, би сакал да спомнам дека нашиот слоган за изборите од 2002 година беше да одиме заедно, да дејствуваме заедно, затоа што тоа заедништво е многу потребно, неопходно за граѓанитте на Република Македонија, во овој случај за албанците. Доколку мислите дека и натаму ќе ги негираме идеите, сугестиите, предлозите кои произлегуваат од разни субјекти кои не се од Владата, кои немаат некоја голема релевантност, ги нарекувате наши партии,

.-

верувајте дека ќе ни се комплицираат работите уште повеќе и ќе се соочиме со една ситуација, во која немаме друг излез, туку тогаш ќе му дадеме простор на некој друг да најде други патишта надвор од институциите, недемократски, иако сите ние тука сме ангажирани да работиме и да ги реализираме нашите барања преку политички демократски средстдва, со цел да ја постигнеме таа рамноправност, која многу на висок глас ја декларираме пред нашиот електорат. Во тој правец моја сугестија е за секое круцијално прашање ние треба претходно да разговараме и да дојдеме до едно решение кое е навистина соодветно. Таа комуникација треба да биде меѓу албанците, но исто така и меѓу албанците и македонците кога ќе дојдеме во ова Собрание, да имаме заеднички јазик, затоа што сме излезени од еден кофликт, имаме еден договор, меѓутоа има и уставни норми што ни наметнуваат да ги читаме како што треба, а не на еднostран начин, така како што некому му одговара.

За патните исправи никој не смее да ја отвори тезата дали е личен или државен документ. Прашањето е расчистено, тоа е личен документ. Јас околу тоа дадов една забелешка, дали тоа треба да се направи по сопствено барање или по автоматизам.

Верувајте дека по усвојувањето на Законот за патна исправа, имав прилика да посетам многу градови во Република Македонија, од Куманово до Преспа. Верувајте многу лесно ќе ни биде нас, албанците во Тетово и Гостивар, но многу тешко ќе им биде на оние кои се наоѓаат во Лабуништа, кои живеат во Преспа или во Прилеп. Тие не прашуваат дали треба да поднесеме посебно барање за да добиеме пасош на албански јазик. Јас реков дека на тоа сме работеле и сме го постигнале тоа право за употреба на јазикот и треба да го искористиме. Но, прашајте го оној што треба да се идентификува на разни граници и кога ќе треба да го покаже својот пасош, тој тогаш ќе има проблеми, затоа што имаме една ментална структура, сеуште нецивилизирана во Република Македонија. Пред се тој ќе има проблем на шалтерите во Министерството за внатрешни работи, каде што ќе има отпор од страна на оние луѓе кои сеуште имаат застарен менталитет и кои мислат дека Охридскиот договор и уставните промени ја имаат уништено Република Македонија. Напротив, Рамковниот договор уставните промени кои беа направени во Република Македонија ја зајакнуваат Република Македонија. Ја зајакнуваат како држава на еднакви граѓани во сите области на животот. Во тој правец, доколку ние мислиме македонците во оваа држава и сите кои живеат овде, доколку сит размислуваат на овој начин, тогаќ никој не треба да се плаши дека Република Македонија нема да

.-

постои. Во Република Македонија треба да стравуваат сите кои сеуште размислуваат за поделба на Република Македонија и тоа поделба како што му одговара нему. Ние тука сме за дијалог и можеме да разговараме за сите прашања кои се отворени и за сите прашања што ќе ги предложи некој. Но, за дијалог се потребни двајца. Договорот може да се постигне само меѓу двајца. Треба да ги отфрлиме сите сугестии предлози кои произлегуваат од разни лидери на политички партии кои си ја замислиле поделбата во сопствената глава или пак замислена од МАНУ. Ние не сме за тоа. Ние сме се декларираме дека сме за соживот. Ние треба да живееме заедно во Република Македонија, треба да се почитуваме. Како што јас го почитувам македонецот, така сакам и македонецот да ме почитува мене. Тоа се однесува и на другите етнички заедници кои живеат во Република Македонија. Но, доколку се случи некој сепак да отвора такви тези, тогаш ние не треба да ги одбиваме, треба да седнеме да разговараме, меѓутоа, не како што тој си ги замислил во сопствената глава, затоа што и јас сум си замислил нешто во сопствената глава, меѓутоа не дај Боже да дојде до такво нешто, затоа што ние сега сме се определиле, имаме поддршка од меѓународниот фактор од Европската унија од САД, за да одиме напред кон овој пат. Доколку има поединци и групи и заедници во Република Македонија кои мислат поинаку, тогаш сигурно дека ние не можеме да избегнеме од тоа прашање и треба да размислуваме поинаку. Во овој правец сакам да анализирам уште една теза.

Охридскиот договор треба да се имплементира, но јас не би ги прифатил тезите кои велат дека само ние албанците треба да бидеме ангажирани за имплементација на Рамковниот договор. Ние се ангажираме, ние сме се определиле за имплементацијата, затоа што сме потписници на таа Спогодба. Меѓутоа и другите кои не се потписници и се дел од власта, тие имаат дадено поддршка на имплементацијата на Рамковниот договор. Меѓутоа, сакам да истакнам дека за имплементацијата на Рамковниот договор треба да биде најмногу заинтересирана македонската заедница, затоа што, доколку не се имплементира Охридскиот договор, ние не треба да кажуваме дека не сме загубиле нешто бидејќи не сме имале нешто, ќе останеме на истиот статус. Затоа велам дека треба заедно, македонците, албанците и сите други да се ангажираме кон соодветното читање на уставните норми на Република Македонија.

Доколку некој мисли дека јас сум го надминал тоа прашање, но мора да бидеме свесни дека, можеби некој добил некоја моментална битка. Меѓутоа, во своето долгорочно размислување мора да се знаеме дека целата држава изгубила и

дека сме ја изгубиле Република Македонија. Не треба резултатите и краткорочните победи да ги валоризираме и да кажеме, еве, ги излажавме, ги уништивме, ги условивме албанците.

Охридскиот договор, уште еднаш сакам да кажам, не бара многу разговори. Рамковниот договор е документ кој сме го прифатиле сите и сите треба да го читаме на соодветен начин, на најдобар начин и да го изнајдеме најлесниот и најопипливиот начин за двете заедници на Република Македонија. Доколку се обиде некој да го излаже другиот, верувајте дека нема иднина за нас. Доколку се говори за некое прашање кое е надвор од Рамковниот договор, ќе бидам многу задоволен доколку овде, во Парламентот, прашањата кои не се опфатени во Рамковниот договор, се дискутираат и да бидат во прилог не на албанците, туку на граѓаните, затоа што тука не треба да бидеме тие кои ќе ги дефинираме работите и да кажеме дека победиле албанците, а изгубиле македонците. Ние мораме да ги елиминираме овие тези. Доколку сме победиле, тогаш сме победиле сите заедно. Доколку сме загубиле, тогаш сите заедно ќе ја изгубиме Република Македонија и ќе се занимаваме со други прашања, прашања за кои сега нема простор, или пак ќе бидеме тие кои ќе дозволиме еден таков простор за да се дејствува на поинаков начин. Затоа, мојот апел во тој правец е дека треба да се созамеме, затоа што се работи за важни прашања. Тоа не се кадровски прашања туку се круцијални прашања за Република Македонија и прашања кои се од интерес за сите граѓани и за такви прашања треба да имаме разбирање, взаемна доверба и поголема соработка, затоа што овие прашања не засегаат сите, независно каде сме. Затоа во иднина треба да бидеме внимателни.

Јас би кажал уште една реченица.

Партиите кои се на власт грешат. Тоа треба да го признаеме. И ние сме биле на власт и други биле на власт. Сугестиите и забелешките што се даваат од страна на коректорите, треба да се прифатат. Грешките кои се прават, доколку се признаат, пола им се простува, како што вели народот, меѓутоа грешките не треба да се повторуваат, да следат една по друга. Затоа, во тој правец барам единство, соработка во правец на реализацијата на тоа што значи круцијални прашања за нас во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Како пратеник кој за прв пат се наоѓа во парламентот, многу често се наоѓам пред дилемата дали да ја употребам, односно да ја злоупотребам говорницата.

Овој претходен дискутант ме провоцира да кажам нешто што можеби не е во ред или нешто што не е на дневен ред.

Колегата многу често, а и сега говори нешто што нема врска со дневниот ред. Ако јас имам прв мандат во парламентот, нашите граѓани веќе четири мандати не гледаат. Тоа не му дава за право за пратеник кој има подолго искуство да зборува се и сешто, а да не каже ништо.

Апелирам идните говорници да се држат до точката од дневниот ред и барем да кажат нешто што е вредно да се каже и да се слушне.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господин Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Несакам да реплицирам, меѓутоа госпоѓата нема право затоа што добро ја слушаше мојата дискусија, таа се однесува на општата политика во која треба и вие госпоѓо да се ангажирате, со цел да се реализира тоа што претстасвува наши заеднички интерес.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, сепак била во право. За општата политика сте зборувале.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието на Република Македонија му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на законот за патните идсправи на државјаните на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за законот гласале 7.

Констатирам дека заклучкот не е усвоен. Со тоа и точката на дневен ред се затвора.

Минуваме на 32-та точка - Информација за состојбите за производоството и откупот на тутунот од реколтата 2002 година во Република Македонија.

.-

Колку што гледам, нема претставник од Владата на Република Македонија, односно поднесувачот на информацијата не е тука.

Дали е најавено дека ќе дојдат?

Ако нема претставник на Владата на Република Македонија, со оглед дека немаме друга точка на која би преминале, а и така има уште 30-тина минути време за кое сме се договориле дека ќе работиме, ја затворам седницата за денес.

Во вторник имаме закажано седница со две точки точки на дневен ред и после завршувањето на таа седница ќе продолжиме со оваа 32-ра точка.

(Седницата прекина со работа во 15,30 часот).